# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 142 Год. LXIV Понеделник, 10 ноември 2008 Цена на овој број е 210 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2894. | **Закон** за гаранција на Република Македонија на обврските од „Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година"................................ | 2 |
| 2895. | **Закон** за задолжување согласно со „Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година".................... | 3 |
| 2896. | **Закон** за изменување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари............................................ | 4 |
| 2897. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието........................................... | 5 |
| 2898. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита........................................................ | 6 |
| 2899. | **Закон** за Државниот испитен центар... | 10 |
| 2900. | **Закон** за придонеси од задолжително социјално осигурување........................ | 15 |
| 2901. | **Одлука** за формирање на Национално координативно тело за следење и оценка на имплементацијата на Националната стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008-2015 година................................. | 29 |
| 2902. | **Одлука** за престанок на користење и давање на користење на недвижна ствар...................................................... | 29 |
| 2903. | **Решение** за именување на координатор, претседател и членови на Национално координативно тело за следење и оценка на имплементацијата на Националната стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008-2015 година.......................... | 29 |
| 2904. | **Упатство** за начинот и постапката на издавање и користење на вредносните бонови-ваучери за купување на компјутери............................................ | 30 |
| 2905. | **Правилник** за димензиите, вкупната маса и осното оптоварување на возилата........................................................ | 31 |
| 2906. | **Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда... | 33 |
| 2907. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности.................................... | 33 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2908. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности. | 34 |
| 2909. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности.................................... | 34 |
| 2910. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности. | 34 |
| 2911. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата.... | 34 |
| 2912. | **Правилник** за начинот и постапката за полагање и оценување на завршниот испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители..... | 36 |
| 2913. | **Програма** за завршен испит............... | 42 |
| 2914. | **Одлука** за избор на виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Гостивар........................................... | 43 |
| 2915. | **Одлука** за избор на јавни обвинители во јавните обвинителства без ограничување на траење на мандатот............ | 43 |
| 2916. | **Одлука** за избор на јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство во Гостивар................................................ | 44 |
| 2917. | **Одлука** за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција..... | 44 |
| 2918. | **Објава** за движењето на цените на мало во Република Македонија за месец октомври 2008 година................... | 44 |
| | **Меѓународни договори** | |
| 30. | **Закон** за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Полска за уредување на билатералните договорни односи.................. | 1-12 |
| | **Огласен дел**.......................................... | 1-40 |

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2894.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ОД „ДОГОВОРОТ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ДОЛГОТ НА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ АД СКОПЈЕ КАКО ПРАВЕН СЛЕДБЕНИК НА ЈП МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ СКОПЈЕ КОН УНГАРСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ МАВ СА ЗА ПЕРИОД 1991-1995 ГОДИНА“

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските од "Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година",

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 ноември 2008 година.

Бр. 07-4881/1
6 ноември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ОД "ДОГОВОРОТ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ДОЛГОТ НА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ АД СКОПЈЕ КАКО ПРАВЕН СЛЕДБЕНИК НА ЈП МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ СКОПЈЕ КОН УНГАРСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ МАВ СА ЗА ПЕРИОД 1991-1995 ГОДИНА"

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските во износ од 7.716.697 евра по Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година кој ќе се склучи меѓу Македонски железници Транспорт АД Скопје и Унгарски железници МАВ СА, во рокови и услови предвидени во Договорот, само во случаите кога Македонски железници Транспорт АД Скопје нема да ги отплаќа пристигнатите ануитети.

Член 2

Условите и начинот на гарантирање на обврските произлезени од договорот од членот 1 на овој закон ќе бидат утврдени со Договор за гаранција, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Унгарски железници МАВ СА.

Член 3

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Договорот за регулирање на долгот од членот 1 на овој закон, како и отплаќањето на пристигнатите ануитети ќе го врши Македонски железници Транспорт АД Скопје од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за регулирање на долгот.

Член 4

Обврските од Договорот од членот 1 на овој закон ќе се отплаќаат на пет години, со каматна стапка од 3,567 % годишно, во еднакви тримесечни рати во согласност со планот на отплата. Во случај на непочитување на планот на отплата, Македонски железници Транспорт АД Скопје ги губат отстапките и придобивките утврдени во Договорот од членот 1 на овој закон.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Македонски железници Транспорт АД Скопје ќе склучат посебен Договор за обезбедување на државна гаранција.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**L I G J**
**PËR GARANCI TË REPUBLIKES SË MAQEDONISE NDAJ DETYRIMEVE NGA "MARREVESHJA PËR RREGULLIMIN E BORXHIT TË HEKURUDHAVE TË MAQEDONISE TRANSPORT SHA SHKUP SI TRASHEGIMTAR JURIDIK TË NP HEKURUDHAT E MAQEDONISE SHKUP NDAJ HEKURUDHAVE TË HUNGARISE MAV SA PËR PERIUDHEN 1991-1995"**

Neni 1

Republika e Maqedonise e garanton permbushjen e detyrimeve në shume prej 7.716.697 euro sipas Marreveshjes për rregullimin e borxhit të Hekurudhave të Maqedonise Transport SHA Shkup si trashegimtar juridik të NP Hekurudhat e Maqedonise Shkup ndaj Hekurudhave të Hungarise MAV SA për periudhen 1991-1995 e cila do të lidhet ndermjet Hekurudhave të Maqedonise SHA Shkup dhe Hekurudhave të Hungarise MAV SA në afate dhe kushte të parapara në Marreveshjen, vetem në rastet kur Hekurudhat e Maqedonise Transport SHA Shkup nuk do t'i paguaje anuitetet e arritura.

Neni 2

Kushtet dhe menyra e garantimit të detyrimeve që burojne nga marreveshja e nenit 1 të ketij ligji, do të percaktohen me Marreveshjen për garanci, e cila do të lidhet ndermjet Republikes së Maqedonise të perfaqesuar nga Ministria e Financave dhe Hekurudhave të Hungarise MAV SA.

Neni 3

Të gjitha detyrimet financiare që burojne nga Marreveshja për rregullimin e borxhit nga neni 1 i ketij ligji, si dhe pagimin e anuiteteve të arritura do ta beje Hekurudhat e Maqedonise Transport SHA Shkup nga të ardhurat të cilat i realizon, në afatet dhe kushtet të percaktuara në Marreveshjen për rregullimin e borxhit.

Neni 4

Detyrimet nga Marreveshja e nenit 1 të ketij ligji do të paguhen për pese vite, me norme interesi prej 3,567% në nivel vjetor, në keste të barabarta tre mujore në pajtim me planin e pageses. Në rast të mosrespektimit të planit të pagimit, Hekurudhat e Maqedonise Transport SHA Shkup i humbin beneficionet dhe perfitimet e percaktuara në Marreveshjen e nenit 1 të ketij ligji.

Neni 5

Për rregullimin e të drejtave dhe detyrimeve të ndersjella, të cilat burojne nga Marreveshja për rregullimin e borxhit të Hekurudhave të Maqedonise Transport SHA Shkup si trashegimtar juridik të NP Hekurudhat e Maqedonise Shkup ndaj Hekurudhave të Hungarise MAV SA për periudhen 1991-1995 dhe të marreveshjes për garanci, Ministria e Financave dhe Hekurudhat e Maqedonise Transport SHA Shkup do të lidhin Marreveshje të vecante për sigurimin e garancise shteterore.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazeten zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**2895.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ СОГЛАСНО СО „ДОГОВОРОТ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ДОЛГОТ НА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ АД СКОПЈЕ КАКО ПРАВЕН СЛЕДБЕНИК НА ЈП МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ СКОПЈЕ КОН УНГАРСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ МАВ СА ЗА ПЕРИОД 1991-1995 ГОДИНА"**

Се прогласува Законот за задолжување согласно со "Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници транспорт АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година",

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 ноември 2008 година.

Бр. 07-4880/1
6 ноември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ СОГЛАСНО СО „ДОГОВОРОТ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ДОЛГОТ НА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ АД СКОПЈЕ КАКО ПРАВЕН СЛЕДБЕНИК НА ЈП МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ СКОПЈЕ КОН УНГАРСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ МАВ СА ЗА ПЕРИОД 1991-1995 ГОДИНА"**

Член 1

Македонски железници Транспорт АД Скопје врз основа на "Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година", кој ќе се склучи меѓу Македонски железници Транспорт АД Скопје и Унгарски железници МАВ СА, презема долг во износ од 2.408.707,96 евра.

Член 2

Поблиските услови на отплаќање на средствата од членот 1 на овој закон се утврдуваат со Договор за регулирање на долгот на Македонски железници АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година кој ќе биде склучен меѓу Македонски железници Транспорт АД Скопје и Унгарски железници МАВ СА.

Член 3

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Договорот за регулирање на долгот од членот 1 на овој закон, како и отплаќањето на пристигнатите анутитети ќе го врши Македонски железници Транспорт АД Скопје од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за регулирање на долгот.

Член 4

Обврските од Договорот од членот 1 на овој закон ќе се отплаќаат во согласност со планот на отплата под следниве услови:

- камата од 2,117% годишно на пристигнати, а неплатени обврски во износ од 397.707,96 евра Македонски железници Транспорт АД Скопје ќе ја плаќа тримесечно во рок од пет години и

- за периодот од 1 април 2003 до 31 декември 2007 година на пристигнати, а неплатени обврски по каматна стапка 3,567% годишно, Македонски железници Транспорт АД Скопје треба да плати износ од 2.011.000 евра на три години со определена динамика и тоа во 2008, 2009 и 2010 година.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

# L I G J
# PËR NGARKIM ME BORXH NË PAJTIM ME "MARREVESHJEN PËR RREGULLIMIN E BORXHIT TË HEKURUDHAVE TË MAQEDONISE TRANSPORT SHA SHKUP SI TRASHEGIMTAR JURIDIK TË NP HEKURUDHAT E MAQEDONISE SHKUP NDAJ HEKURUDHAVE TË HUNGARISE MAV SA PËR PERIUDHEN 1991-1995"

Neni 1

Hekurudhat e Maqedonise Transport SHA Shkup në lidhje me "Marreveshjen për rregullimin e borxhit të Hekurudhave të Maqedonise Transport SHA Shkup si trashegimtar juridik të NP Hekurudha të Maqedonise Shkup ndaj Hekurudhave të Hungarise MAV SA për periudhen 1991-1995", e cila do të lidhet ndermjet Hekurudhave të Maqedonise Transport SHA Shkup dhe Hekurudhave të Hungarise MAV SA, ngarkohet me borxh në shume prej 2.408.707,96 euro.

Neni 2

Kushtet më të peraferta të pageses së mjeteve nga neni 1 i ketij ligji percaktohen me Marreveshjen për rregullimin e borxhit të Hekurudhave të Maqedonise SHA Shkup si trashegimtar juridik të NP Hekurudhat e Maqedonise Shkup ndaj Hekurudhave të Hungarise MAV SA për periudhen 1991-1995", e cila do të lidhet ndermjet Hekurudhave të Maqedonise Transport SHA Shkup dhe Hekurudhave të Hungarise MAV SA.

Neni 3

Të gjitha detyrimet financiare të cilat burojne nga Marreveshja për rregullimin e borxhit nga neni 1 i ketij ligji, si dhe pagimin e anuiteteve të arritura do ta beje Hekurudhat e Maqedonise Transport SHA Shkup nga të ardhurat të cilat i realizon, në afatet dhe kushtet e percaktuara në Marreveshjen për rregullimin e borxhit.

Neni 4

Detyrimet nga Marreveshja e nenit 1 të ketij ligji do të paguhen në pajtim me planin e pageses me keto kushte:

- interes prej 2,117%, në nivel vjetor për detyrimet e arritura por të papaguara në shume prej 397.707,96 euro Hekurudhat e Maqedonise Transport SHA Shkup do t'i paguaje në çdo tre muaj në afat prej 5 vitesh dhe
- për periudhen kohore prej 1 prill 2003 deri më 31 dhjetor 2007 për detyrime të arritura por të papaguara me norme interesi prej 3,567% në nivel vjetor, Hekurudhat e Maqedonise Transport SHA Shkup duhet të paguaje shume prej 2.011.000 euro për tre vjet me dinamike të caktuar edhe atë në vitin 2008, 2009 dhe 2010.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazeten zyrtare të Republikes së Maqedonise".

**2896.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО И НЕДОСТОЈНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 ноември 2008 година.

Бр. 07-4884/1
6 ноември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО И НЕДОСТОЈНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ

Член 1

Во Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари („Службен весник на Република Македонија“ број 89/2004), насловот на Главата III „КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ“ се менува и гласи: „ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ“.

Член 2

Членот 13 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, доколку постапи спротивно на одредбите од членот 3 на овој закон.“

Член 3

Во членот 14 став 1 воведната реченица се менува и гласи: “Глоба во износ од 1.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на организаторот на спортскиот натпревар, ако:“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице на организаторот за прекршокот од ставот 1 на овој член.“

Член 4

Во членот 15 став 1 зборовите: “Со парична казна од 10.000 до 300.000 ќе се казни спортскиот клуб“ се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 1.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на спортскиот клуб“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице на спортскиот клуб за прекршокот од ставот 1 на овој член.“

Член 5

По членот 15 се додава нов член 15-а, кој гласи:

"Член 15-а

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот суд.

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоците предвидени во овој закон Министерството за внатрешни работи води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците."

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR PARANDALIMIN E DHUNES DHE TË SJELLJEVE TË PAHIJSHME NË NDESHJET SPORTIVE

Neni 1

Në Ligjin për parandalimin e dhunes dhe të sjelljeve të pahijshme në ndeshjet sportive ("Gazeta zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 89/2004) titulli i Kreut III."DISPOZITAT NDESHKUESE" ndryshohet si vijon: "DISPOZITA PËR KUNDERVAJTJE".

Neni 2

Neni 13 ndryshon si vijon:

"Gjobe në shume prej 600 deri në 1.000 euro me kundervlere në denare do t'i kumtohet për kundervajtje personit fizik, nese vepron në kundershtim me dispozitat nga neni 3 i ketij ligji".

Neni 3

Në nenin 14, në paragrafin 1, fjalia hyrese ndryshon, si vijon:

"Gjobe në shume prej 1.500 deri në 5.000 euro me kundervlere në denare do t'i kumtohet për kundervajtje organizatorit të gares sportive, nese:"

Paragrafi 2 ndryshon, si vijon:

"Gjobe në shume prej 600 deri në 2.000 euro me kundervlere në denare do t'i kumtohet edhe personit pergjegjes të organizatorit për kundervajtjen nga paragrafi 1 i ketij neni".

Neni 4

Në nenin 15, në paragrafin 1 fjalet: "Me denim në para prej 10.000 deri në 300.000 denare do të denohet klubi sportiv", zevendesohen me fjalet: "Gjobe në shume prej 1.500 deri më 5.000 euro me kundervlere në denare do t'i kumtohet për kundervajtje klubit sportiv".

Paragrafi 2 ndryshon si vijon:

"Gjobe në shume prej 600 deri më 2.000 euro me kundervlere në denare do t'i kumtohet edhe personit pergjegjes të klubit sportiv për kundervajtjen nga paragrafi 1 i ketij neni".

Neni 5

Pas nenit 15 shtohet nen i ri 15-a, si vijon:

"Neni 15-a

Proceduren kundervajtese për kundervajtjet të parapara me kete ligj e mban gjykata kompetente.

Para parashtrimit të kerkeses për procedure kundervajtese për kundervajtjet e parapara me kete ligj Ministria e Puneve të Brendshme mban procedure për barazim në pajtim me Ligjin për kundervajtjet".

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi diten e tete nga dita e shpalljes në "Gazeten zyrtare të Republikes së Maqedonise".

**2897.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 ноември 2008 година.

Бр. 07-4888/1
6 ноември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Член 1

Во Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија" број 37/2006), членот 5 се менува и гласи:

„Бирото е надлежно за следење, истражување, унапредување и развој на воспитно-образовната дејност во областа на предучилишното, основното, гимназиското образование, уметничкото образование, општообразовните предмети во средното стручно образование, во специјалистичкото образование и во образованието на возрасните, образованието на децата со посебни образовни потреби, воспитно-образовната дејност на ученичките домови, како и за образованието на децата на граѓаните на Република Македонија во странство за учење на мајчиниот јазик и култура."

Член 2

Во членот 6 точка 1 зборовите: „и програми" се бришат.

По точката 1 се додава нова точка 2 која гласи:

„2) му предлага на министерот за образование и наука наставни програми за предучилишното, основното, гимназиското и уметничкото средно образование, општообразовните предмети во средното стручно образование, во специјалистичкото образование, како и за образованието на возрасните, образованието на децата со посебни образовни потреби, воспитно-образовната дејност на ученичките домови, како и за образованието на децата на граѓаните на Република Македонија во странство за учење на мајчиниот јазик и култура;".

Точките 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 стануваат точки 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9.

Член 3

Во членот 7 алинејата 8 се менува и гласи:

„- објавува јавен конкурс за обезбедување на услуги во изготвување на нови наставни програми, односно за осовременување на постојните наставни програми, согласно со закон,".

Алинејата 9 се менува и гласи:

„- ја следи работата на стручните тимови за изработка на наставни програми во однос на квалитетот и извршувањето на услугите согласно со утврдените рокови.“

Член 4

Во членот 9 алинејата 8 се менува и гласи:

„- објавува јавен конкурс за обезбедување на услуги поврзани со фундаментални истражувања во образованието.“

Член 5

Во членот 11 алинеите 6, 8 и 11 се бришат.

Член 6

Во членот 12 алинеја 5 зборовите: „усогласеноста на ракописите за учебници со концепцијата за учебник и со наставните планови и програми и за“ се бришат.

Член 7

Во членот 13 алинеја 10 по зборот „Министерство“ се става точка, а сврзникот „и“ се брише.

Алинејата 11 се брише.

Член 8

Во членот 14 алинеја 1 по зборот „возрасните“ се додаваат зборовите: „согласно со надлежностите на Бирото утврдени со овој закон“.

Алинејата 4 се брише.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службениот весник на Република Македонија“.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR BYRONE E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT

Neni 1

Në Ligjin për Byrone e Zhvillimit të Arsimit ("Gazeta zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 37/2006 neni 5 ndryshon, si vijon:

"Byroja eshte kompetente për percjelljen, hulumtimin, perparimin dhe zhvillimin e veprimtarise edukativo-arsimore në lemin e arsimit parashkollor, fillor, të gjimnazit, në lemin e arsimit mbi artet, në lendet e arsimit të pergjithshem në shkollimin e mesem profesional, në arsimin e specializuar dhe në arsimin e të rriturve, arsimin e femijeve me nevoja të posacme arsimore, veprimtarine edukativo-arsimore në konvikte, si dhe për arsimimin e femijeve të qytetareve të Republikes së Maqedonise jashte vendit për mesimin e gjuhes amtare dhe kultures."

Neni 2

Në nenin 6 piken 1 fjalet: "dhe programet" shlyhen.

Pas pikes 1 shtohet pike e re 2, si vijon:

"2) i propozon ministrit të Arsimit dhe Shkences programe mesimore për arsim parashkollor, fillor, gjimnaz dhe arsim të mesem të artit, lendet e pergjithshme mesimore në arsimin e mesem profesional, në arsimin e specializuar, si dhe për arsimin e të rriturve, arsimin e femijeve me nevoja të vecanta arsimore, veprimtarine edukative-arsimore në konviktet e nxenesve, si dhe arsimin e femijeve të qytetareve të Republikes së Maqedonise jashte vendit për mesimin e gjuhes amtare dhe të kultures".

Pikat 2, 3, 4, 5, 6, 7 dhe 8 behen pika 3, 4, 5, 6, 7, 8 dhe 9.

Neni 3

Në nenin 7 alineja 8 ndryshohet si vijon:

"- shpall konkurs publik për sigurimin e sherbimeve në perpilimin e programeve të reja mesimore, perkatesisht persosjen e programeve ekzistuese mesimore në perputhje me ligjin,".

Alineja 9 ndryshon si vijon:

"- e percjell punen e ekipeve profesionale për perpunimin e programeve mesimore, në lidhje me kualitetin dhe kryerjen e sherbimeve në pajtim me afatet e percaktuara."

Neni 4

Në nenin 9 alineja 8 ndryshon si vijon:

"- shpall konkurs publik për sigurimin sherbimeve lidhur me hulumtimet themelore në arsim."

Neni 5

Në nenin 11 alinete 6, 8 dhe 11, shlyhen.

Neni 6

Në nenin 12 alinene 5 fjalet: "harmonizimi i doreshkrimeve për librat me konceptin për liber dhe me plan-programet mesimore dhe për" shlyhen.

Neni 7

Në nenin 13 alinene 10 pas fjales "Ministria" vihet pike, kurse lidheza "dhe" shlyhet.

Alineja 11 shlyhet.

Neni 8

Në nenin 14 alinene 1 pas fjales "të rriturit" shtohen fjalet: "në pajtim me kompetencat e Byrose të percaktuara me kete ligj".

Alineja 4 shlyhet.

Neni 9

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazeten zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**2898.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АЗИЛ И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 ноември 2008 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-4885/1 | Претседател |
| 6 ноември 2008 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Бранко Црвенковски,** с.р. |

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АЗИЛ И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за азил и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија” број 49/2003 и 66/2007), во членот 2 алинеја 2 сврзникот “и“ се заменува со точка, а алинејата 3 се брише.

Член 2

Членот 5 се брише.

Член 3

Во членот 7 став 1 по зборот “бегалец“ зборовите: “или лице под хуманитарна заштита“ се заменуваат со зборовите: “или лице под супсидијарна заштита“.

Член 4

Во членот 8 став 1 по зборот “бегалец“ запирката се заменува со сврзникот “и“, а зборовите: “и лице под хуманитарна заштита“ се бришат.

Член 5

Во членот 9 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

“Владата на Република Македонија ја утврдува листата на безбедна земја на потекло.“

Член 6

Во членот 11 по зборот “бегалци“ запирката се заменува со сврзникот “и“, а зборовите: “и лица под хуманитарна заштита“ се бришат.

Член 7

Во членот 12 ставот 2 се менува и гласи:

“Против одлуката од ставот 1 на овој член може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.“

Член 8

Во членот 17 став 1 зборовите: “4, 4-а и 5“ се заменуваат со зборовите: “4 и 4-а“.

Член 9

Насловот на членот 19 се менува и гласи: “Однос со постапката за дозволување на престој од Законот за странците“.

Член 10

Во членот 19 ставови 1 и 2 зборовите: “Законот за движење и престој на странците“ се заменуваат со зборовите: “Законот за странците“, а во ставот 2 зборот “одобрение“ се заменува со зборот “дозвола“.

Член 11

Во членот 24 ставот 2 се менува и гласи:

“Против заклучокот од ставот 1 на овој член барателот на право на азил може да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на заклучокот.“

Во ставот 3 зборот “Жалбата“ се заменува со зборот “Тужбата“.

Член 12

Во насловот и членот 25 зборовите: “Законот за движење и престој на странците“ се заменуваат со зборовите: “Законот за странците“.

Член 13

Во насловот на членот 30 зборовите: “или хуманитарна заштита“ се бришат.

Член 14

Во членот 30 по зборовите: “согласно со членот 2 алинеја 2 на овој закон“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 15

Во членот 31 став 1 по зборот “заштита“ зборовите: “решение за признавање на статус на лице под хуманитарна заштита“ се бришат.

Член 16

Насловот на членот 32 се менува и гласи: “Право на тужба и донесување на одлука“.

Член 17

Членот 32 се менува и гласи:

“Барателот на право на азил може да поведе управен спор против решението на Одделението за азил до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на доставувањето на решението.

Тужбата го одлага извршувањето на решението.

Надлежниот суд Одлуката ќе ја донесе во рок од два месеца од денот на поднесувањето на тужбата.

По барање на тужителот Одделението за азил ќе го одложи извршувањето на решението до конечната судска одлука, во случаи и на начин утврден со Законот за управните спорови.“

Член 18

Во насловот на членот 37 зборот “Жалба“ се заменува со зборот “Тужба“.

Член 19

Во членот 37 став 1 зборот “Жалба“ се заменува со зборот “Тужба“.

Во ставот 2 зборот “Жалбата“ се заменува со зборот “Тужбата“.

Ставот 3 се менува и гласи:

“По тужбата од ставот 1 на овој член одлучува надлежниот суд во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на тужбата.“

Ставот 4 се брише.

Член 20

Во членот 38 став 1 алинеја 7 зборовите: “Законот за движење и престој на странците“ се заменуваат со зборовите: “Законот за странците“.

Член 21

Во членот 39 став 1 алинеја 2 по зборот “бегалец“ запирката се заменува со сврзникот “и“, а зборовите: “и лице под хуманитарна заштита“ се бришат.

Член 22

Во членот 41 став 1 по зборот “бегалец“ запирката се заменува со сврзникот “и“, а зборовите: “и лице под хуманитарна заштита“ се бришат.

Во ставот 3 зборовите: “и лице под хуманитарна заштита “ се бришат.

Во ставот 4 по зборот “бегалец“ запирката се заменува со сврзникот “и“, а зборовите: “и лице под хуманитарна заштита“ се бришат.

Член 23

Во членот 43 став 4 зборовите: “да се поднесе жалба до надлежната комисија на Владата“ се заменуваат со зборовите: “да поведе управен спор до надлежниот суд“.

Во ставот 5 зборот “Жалбата“ се заменува со зборот “Тужбата“.

Член 24

Членот 45 се менува и гласи:

“На барател на право на азил или лице под супсидијарна заштита може да му се издаде патна исправа , согласно со одредбите на Законот на странците.“

Член 25

Во членот 48 став 1 по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- право на социјална заштита,“.

Во алинејата 4 која станува алинеја 5 по сврзникот "и" се додаваат зборовите: "како и право на слободен пристап на пазарот на труд за барател на право на азил на кој барањето за признавање на право на азил не му е решено во период од една година, по истекот на периодот од една година".

Член 26

Во членот 56 став 1 зборот "одобрен" се заменува со зборот "дозволен".

Член 27

Во Главата V во насловот на подглавата 3 „ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЛИЦА ПОД СУПСИДИЈАРНА ЗАШТИТА И ЛИЦА ПОД ХУМАНИТАРНА ЗАШТИТА" зборовите: „И ЛИЦА ПОД ХУМАНИТАРНА ЗАШТИТА" се бришат.

Член 28

Членот 58 се менува и гласи:

"Со денот на доставувањето на решението за признавање на право на азил заради супсидијарна заштита, лицето под супсидијарна заштита се стекнува со право на престој на територијата на Република Македонија во траење до една година и истиот се продолжува доколку причините од членот 4-а на овој закон се уште постојат."

Член 29

Членот 59 се менува и гласи:

"На лицето под супсидијарна заштита му се обезбедува сместување согласно со членот 52 на овој закон, но најдолго една година од денот на доставувањето на решението за признавање на статус на лице под супсидијарна заштита."

Член 30

Во членот 60 став 1 зборовите: "и лицето под хуманитарна заштита" се бришат.

Во ставот 2 зборовите: "и лицата под хуманитарна заштита"се бришат, а зборот "одобрен" се заменува со зборот "дозволен".

Член 31

Во членот 64 став 1 алинеи 2 и 4 зборот "одобрен" се заменува со зборот "дозволен".

Во ставот 2 зборовите: "Законот за движење и престој на странците" се заменуваат со зборовите: "Законот за странците".

Член 32

Во членот 67 по зборот "бегалци" запирката се заменува со сврзникот "и", а зборовите: "и лица под хуманитарна заштита" се бришат.

Член 33

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за азил и привремена заштита.

Член 34

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR AZIL DHE MBROJTJE TË PERKOHSHME

Neni 1

Në Ligjin për azil dhe mbrojtje të perkohshme ("Gazeta zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 49/2003 dhe 66/2007) në nenin 2 në alinene 2 lidheza "dhe" zevendesohet me pike, ndersa alineja 3, shlyhet.

Neni 2

Neni 5, shlyhet.

Neni 3

Në nenin 7, në paragrafin 1 pas fjales "refugjat" fjalet: "ose person nën mbrojte humanitare" zevendesohen me fjalet "ose personi nën mbrojtje subsidiare".

Neni 4

Në nenin 8, në paragrafin 1 pas fjales "refugjat" presja zevendesohet me lidhezen "dhe", ndersa fjalet: "dhe person nën mbrojte humanitare"shlyhen.

Neni 5

Në nenin 9, pas paragrafit 2, shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

"Qeveria e Republikes së Maqedonise e percakton listen e vendit të sigurt të origjines".

Neni 6

Në nenin 11 pas fjales "refugjate" presja zevendesohet me lidhezen "dhe", ndersa fjalet "dhe persona nën mbrojtje humanitare" shlyhen.

Neni 7

Në neni 12 paragrafi 2 ndryshon, si vijon:

"Kunder vendimit nga paragrafi 1 i ketij neni mund të hapet kontest administrativ para gjykates kompetente".

Neni 8

Në nenin 17 në paragrafin 1 fjalet: "4,4-a dhe 5" zevendesohet me fjalet: "4 dhe 4-a".

Neni 9

Titulli i nenit 19 ndryshon, si vijon: "Marredhenie me proceduren për lejim të qendrimit nga Ligji për të huaj".

Neni 10

Në nenin 19 në paragrafin 1 dhe 2, fjalet: "Ligji për qarkullim dhe qendrim të të huajve" zevendesohet me fjalet: "Ligji për të huajt", ndersa në paragrafin 2 fjala "pelqim" zevendesohet me fjalen "leje".

Neni 11

Në nenin 24 paragrafi 2 ndryshon, si vijon:

"Kunder konkluzionit nga paragrafi 1 i ketij neni kerkuesi i të drejtes për azil mund të parashtroj padi për ngritjen e kontestit administrativ deri te gjykata kompetente, në afat prej 30 ditesh nga dita e dergimit të konkluzionit."

Në paragrafin 3 fjala "Ankesa" zevendesohet me fjalen "Padia."

Neni 12

Në titullin dhe nenin 25, fjalet: "Ligji për qarkullim dhe qendrim të të huajve" ndryshohet me fjalet: "Ligji për të huajt".

Neni 13

Në titullin e nenit 30 fjalet "ose mbrojtje humanitare", shlyhen.

Neni 14

Në nenin 30 pas fjaleve "në pajtim me nenin 2 alineja 2 e ketij ligji" vihet pike, ndersa fjalet deri në fund të fjalise shlyhen.

Neni 15

Në nenin 31, në paragrafin 1 pas fjales "mbrojtje" fjalet: "aktvendim për njohjen e statusit të personit nën mbrojte humanitare"shlyhen.

Neni 16

Titulli para nenit 32 ndryshon, si vijon:

"E drejta për padi dhe për marrjen e vendimit"

Neni 17

Neni 32 ndryshon, si vijon:

"Kerkuesi i të drejtes për azil mundet të hap kontest administrativ kunder aktvendimit të Seksionit për azil deri te gjykata kompetente në afat prej 30 ditesh nga dita e dergimit të aktvendimit.

Padia e shtyne zbatimin e aktvendimit.

Vendimin gjykata kompetente do ta marre në afat prej dy muajsh nga dita e parashtrimit të padise.

Me kerkese të paditesit, Seksioni për azil do ta prolongoje zbatimin e aktvendimit deri në vendimin perfundimtar gjyqesor, në raste dhe menyre të percaktuar me Ligjin për konteste administrative".

Neni 18

Në titullin e nenit 37 fjala “Ankese” zevendesohet me fjalen "Padi."

Neni 19

Në nenin 37 në paragrafin 1 fjala “Ankese” zevendesohet me fjalen "Padi."

Në paragrafin 2 fjala “Ankesa” zevendesohet me fjalen "Padia."

Paragrafi 3 ndryshon ,si vijon:

"Sipas padise nga paragrafi 1 i ketij neni vendos organi kompetent në afat prej 15 ditesh nga dita e parashtrimit të padise".

Paragrafi 4, shlyhet.

Neni 20

Në nenin 38 paragrafi 1 në alinene 7 fjalet "Ligji për qarkullim dhe qendrim të të huajve" zevendesohen me fjalet: "Ligji për të huajt".

Neni 21

Në nenin 39 paragrafi 1 në alinene 2 pas fjaleve "refugjat" presja zevendesohet me lidhezen "dhe", ndersa fjalet "dhe personi nën mbrojte humanitare" shlyhen.

Neni 22

Në nenin 41 paragrafi 1 pas fjales "refugjat" presja zevendesohet me lidhezen "dhe", ndersa fjalet "dhe personi nën mbrojte humanitare" shlyhen.

Në paragrafin 3 fjalet"dhe personi nën mbrojte humanitare"shlyhen.

Në nenin 4 pas fjales "refugjat" presja zevendesohet me lidhezen "dhe", ndersa fjalet "dhe person nën mbrojte humanitare" shlyhen.

Neni 23

Në nenin 43 në paragrafin 4 fjalet "të parashtrohet ankese deri te komisioni kompetent i Qeverise" zevendesohen me fjalet "të hapet kontest administrativ deri te gjykata kompetente".

Në paragrafin 5 fjala “Ankesa” zevendesohet me fjalen "Padia."

Neni 24

Neni 45 ndryshon, si vijon:

"Kerkuesit të të drejtes për azil ose personit nën mbrojte subsidiare mundet t'i jepet dokument udhetimi, në pajtim me dispozitat të Ligjit për të huaj."

Neni 25

Në nenin 48 paragrafi1, pas alinese 3 shtohet aline e re 4,si vijon:

- "e drejte për mbrojte sociale".

Në alinene 4 e cila behet aline 5 pas fjales "dhe" shtohen fjalet: "si dhe e drejta për qasje të lire në tregun e punes për kerkuesin e të drejtes për azil të cilit kerkesa për njohjen e së drejtes për azil nuk i eshte zgjidhur në periudhen prej një viti, pas skadimit të periudhes prej një viti".

Neni 26

Në nenin 56, paragrafi 1, fjala "i miratuar" zevendesohet me fjalet "i lejuar".

Neni 27

Në kreun V në titullin e nën kreut 3"TË DREJTA DHE DETYRIME TË PERSONAVE NËN MBROJTE SUBSIDIARE DHE PERSONAVE NËN MBROJTE HUMANITARE", fjalet: "DHE PERSONAVE NËN MBROJTE HUMANITARE", shlyhen.

Neni 28

Neni 58 ndryshon, si vijon:

"Me diten e dergimit të aktvendimit për njohjen e drejtes për azil për shkak të mbrojtjes subsidiare, personi nën mbrojte subsidiare e fiton të drejten e qendrimit në territorin e Republikes së Maqedonise në kohezgjatje prej një viti dhe i njejti i vazhdohet nese shkaqet nga neni 4-a të ketij ligji akoma ekzistojne".

Neni 29

Neni 59 ndryshon, si vijon:

"Personit nën mbrojtje subsidiare, i sigurohet vendosje në pajtim me nenin 52 të ketij ligji, por më së gjati një vit nga dita e dergimit të aktvendimit për njohjen e statusit të personit nën mbrojte subsidiare".

Neni 30

Në nenin 60 në paragrafin 1 fjalet: "dhe personi nën mbrojte humanitare"shlyhen.

Në paragrafin 2 fjalet: "dhe personat nën mbrojte humanitare" shlyhen, ndersa fjala "i miratuar" zevendesohet me fjalet "i lejuar".

Neni 31

Në nenin 64, paragrafi 1,në alinete 2 dhe 4 fjala "i miratuar" zevendesohet me fjalet "i lejuar".

Në paragrafin 2 fjalet: "Ligji për qarkullim dhe qendrim të të huajve" zevendesohen me fjalet: "Ligji për të huajt".

Neni 32

Në nenin 67, pas fjales "refugjate" presja zevendesohet me lidhezen "dhe", ndersa fjalet: "dhe persona nën mbrojtje humanitare"shlyhen.

Neni 33

Autorizohet Komisioni Juridiko-ligjvenes i Kuvendit të Republikes së Maqedonise" të percaktoje tekst të spastruar të Ligjit për azil dhe mbrojtje të perkohshme.

Neni 34

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazeten zyrtare të Republikes së Maqedonise".

**2899.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Се прогласува Законот за Државниот испитен центар,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 ноември 2008 година.

Бр. 07-4889/1
6 ноември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат основањето, работата, надлежностите, управувањето, раководењето, финансирањето, надзорот над работата, како и други прашања поврзани со работата на Државниот испитен центар.

Член 2

(1) За организација и спроведување на екстерното оценувања на постигањата на учениците во основното и средното образование, за оспособување на кандидати за директори, како и полагање на испитот за директори на основните и средните училишта се основа Државен испитен центар кој е самостоен во своето работење.

(2) Државниот испитен центар има својство на правно лице.

(3) Државниот испитен центар стекнува статус на правно лице со запишување во Централниот регистар на Република Македонија.

(4) Седиштето на Државниот испитен центар е во Скопје.

Член 3

За остварување на работите од својот делокруг Државниот испитен центар е надлежен да:

- учествува во подготовка на концепцијата за матура и завршен испит во средното образование,
- изготвува испитни програми за екстерните испити во државната матура, училишната матура и завршниот испит во средното образование во соработка со Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасните,
- изготвува стандардизирани тестови за екстерните испити во државната матура,
- изготвува банка на испитни задачи за екстерно проверување на постигањата на учениците во основното и средното образование во соработка со Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасните,
- изготвува стандардизирани тестови за екстерно проверување на постигањата на учениците во основното и средно образование,
- го развива и одржува информацискиот систем за вреднување на постигањата на учениците на екстерните испити во основното и средното образование и на екстерните испити во државната матура,
- ги објавува на својата веб страница испитните програми, информации и други материјали за државната матура, училишната матура и завршниот испит,
- подготвува стручни материјали и да врши обука на наставниците во врска со оценувањето на постигањата на учениците на испитите од матурата и завршниот испит,
- определува локални координатори и тестатори за реализација на екстерните испити во државната матура,
- определува оценувачи за вреднувањето на постигањата на учениците на екстерните испити во основното и средното образование, како и на екстерните испити во државната матура,
- формира државни предметни матурски комисии,
- формира комисии за екстерно проверување на постигањата на учениците на крајот на учебната година,
- врши обука на локалните координатори, тестаторите и оценувачите,
- врши обука на членовите на државните матурски предметни комисии,
- врши обука на претседателите и секретарите на училишните матурски комисии,
- врши организациски и технички задачи за спроведувањето на екстерните испити на државната матура,
- ја координира работата на државните предметни матурски комисии,
- ја координира работата на училишните матурски комисии,
- ги прибира, обработува и анализира податоците за резултатите од екстерните испити,
- обезбедува заштита на тајноста на подготовката, печатењето, дистрибуцијата и чувањето на испитниот материјал,
- врши обука на кандидатите за директори на основни и средни училишта,
- му предлага на министерот надлежен за образование (во натамошниот текст: министерот) Програма за подготвување и полагање на испит за директор на основно и средно училиште,
- го спроведува испитот за директори на основни и средни училишта,
- издава уверенија на кандидатите кои го положиле испитот за директори на основни и средни училишта,
- врши стручно-административни и финансиски работи за потребите на Државниот матурски одбор и државните предметни матурски комисии,
- издава стручна литература од делокругот на своето работење и
- врши и други работи утврдени со закон и со статутот на Државниот испитен центар.

### II. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Член 4

Органи на Државниот испитен центар се Управниот одбор и директорот.

**Управен одбор**

Член 5

(1) Со Државниот испитен центар управува Управниот одбор.

(2) Управниот одбор се состои од седум члена од кои еден е претседател, и тоа: по два члена од редот на вработените во Државниот испитен центар и од Бирото

за развој на образованието и по еден член од Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и обука и од Интеруниверзитетската конференција.

(3) Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Владата на Република Македонија имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците на чии јазици и писмо се остварува наставата во основното и средното образование.

(4) Претседателот и членовите на Управниот одбор се именуваат со мандат од шест години и можат само уште еднаш повторно да бидат именувани.

Член 6

За претседател и член на Управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да има завршено високо образование и
- да има работно искуство од најмалку пет години во воспитно-образовна дејност или во орган на државната управа надлежен за работите во образованието.

Член 7

(1) Управниот одбор на Државниот испитен центар ги има следниве надлежности:

- го донесува статутот на Државниот испитен центар,
- ја донесува годишната програма за работа на Државниот испитен центар и ја доставува до Министерството за образование и наука и до Владата на Република Македонија најдоцна до 31 јануари,
- ја донесува завршната сметка,
- го донесува годишниот извештај за работењето на Државниот испитен центар и го доставува до Министерството за образование и наука и до Владата на Република Македонија најдоцна до 31 јануари,
- дава согласност на актите за организација и работа и систематизација на работните места на Државниот испитен центар,
- одлучува по приговорите во врска со работниот однос на вработените во Државниот испитен центар,
- донесува деловник за својата работа и
- врши други работи утврдени со Статутот.

(2) Согласност на Статутот на Државниот испитен центар дава Владата на Република Македонија.

Член 8

Претседателот и член на Управниот одбор може да биде разрешен и пред истекот на мандатот, ако:

- сам тоа го побара,
- во случај на спреченост на вршењето на функцијата поради болест во траење подолго од шест месеца непрекинато и
- работи спротивно на одредбите на овој закон и Статутот.

**Директор на Државниот испитен центар**

Член 9

(1) Со работата на Државниот испитен центар раководи директор.

(2) Директорот се избира и разрешува од Управниот одбор.

(3) Директорот се избира по пат на јавен конкурс кој го објавува Управниот одбор во средствата за јавно информирање.

(4) Директорот се избира за време од пет години и може повторно да биде избран.

(5) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да има завршено високо образование и
- да има најмалку шест години работно искуство со воспитно-образовна дејност или во орган на државната управа надлежен за работите на образованието.

Член 10

Директорот на Државниот испитен центар има заменик кој го заменува директорот во случај на негова отсутност или спреченост со сите негови овластувања и одговорности во раководењето.

Одредбите од овој закон кои се однесуваат на изборот, разрешувањето и мандатот на директорот на Државниот испитен центар се однесуваат и на заменик директорот.

Член 11

(1) Ако на објавениот конкурс не се јават кандидати или ако Управниот одбор не именува директор од пријавените кандидати, се распишува нов јавен конкурс.

(2) Ако поради причините од ставот (1) на овој член не се избере директор или предвреме му престанал мандатот, Управниот одбор без јавен конкурс ќе именува вршител на должноста, по правило, од редот на вработените во Државниот испитен центар.

(3) Вршителот на должноста директор ги има сите права и должности на директор на Државниот испитен центар.

(4) Вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор, а најдолго за шест месеца без право на повторно именување.

(5) За вршител на должноста директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите како за избор на директор.

Член 12

Директорот на Државниот испитен центар ги врши следниве работи:

- раководи со работата на Државниот испитен центар,
- го претставува и застапува Државниот испитен центар,
- ги предлага годишната програма за работа на Државниот испитен центар, статутот и завршната сметка,
- го предлага годишниот извештај за работата на Државниот испитен центар,
- ја организира реализацијата на годишната програма,
- ги донесува актите во врска со работниот однос на вработените,
- формира комисии,
- врши избор на локални координатори, тестатори и оценувачи,
- врши избор на преведувачи и на независни читачи на испитниот материјал,
- склучува договори со локалните координатори, тестатори, оценувачи и други надворешни соработници за нивните права и обврски,
- ги спроведува процедурите за надзор и контрола на тајноста на подготовката, печатењето, дистрибуцијата и чувањето на испитниот материјал,
- одговара за материјално-финансиското работење и законитоста на работите од негова надлежност и
- врши други работи утврдени со закон и Статутот.

Член 13

(1) Директорот на Државниот испитен центар формира советодавни тела и ангажира надворешни соработници по пат на јавен конкурс.

(2) Членовите на советодавните тела и надворешните соработници од ставот (1) на овој член ги избира директорот од редот на кандидатите кои ги исполниле условите утврдени во јавниот конкурс.

Член 14

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој што е избран, ако:

- тоа сам го побара,
- во случај на спреченост на вршењето на функцијата поради болест во траење подолго од шест месеца непрекинато,
- се утврдат сериозни неправилности во неговото материјално-финансиско работење, поради што е нанесена штета на Државниот испитен центар,
- одаде податок кој е класифицирана информација согласно со прописите за класифицирани информации,
- во случај на работење спротивно на процедурите за тајноста на подготовката, печатењето, дистрибуцијата, чувањето и оценувањето на испитниот материјал и
- работи спротивно на одредбите на овој закон и Статутот.

III. ТАЈНОСТ НА ИСПИТНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ

Член 15

(1) Директорот, претседателот на Управниот одбор, членовите на Управниот одбор, вработени во Државниот испитен центар, член на државна предметна матурска комисија, член на училишна матурска комисија, член на комисија за екстерно проверување на постигањата на учениците, преведувач на испитниот материјал и независен читач на испитниот материјал потпишуваат изјава дека ќе се раководат според процедурите за тајноста на подготовката, печатењето, дистрибуцијата и чувањето на испитниот материјал.

(2) Испитниот материјал од ставот (1) на овој член има карактер на класифицирана информација со соодветен степен на тајност, согласно со одредбите од Законот за класифицирани информации.

(3) Тестаторот потпишува изјава за раководење според процедурите за спроведување на екстерните испити.

(4) Оценувачот потпишува изјава за раководење според процедурите за оценување на тестовите.

(5) Диструбутерот на испитниот материјал потпишува изјава за раководење според процедурите за дистрибуција.

(6) Процедурите за тајноста на подготовката, печатењето, дистрибуцијата, чувањето и оценувањето на испитниот материјал ги изготвува Државниот испитен центар, а ги утврдува министерот.

IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Член 16

Средствата за вршење на работите од надлежност на Државниот испитен центар се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, од сопствени извори од извршени услуги и од други извори согласно со закон.

V. НАДЗОР

Член 17

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерството за образование и наука.

VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 18

На директорот, вработен во Државниот испитен центар, член на државна предметна матурска комисија, член на училишна матурска комисија, член на комисија за екстерно проверување на постигањата на учениците, преведувач на испитниот материјал, независниот читач на испитниот материјал, тестаторот, оценувачот и дистрибутерот, доколку постапат спротивно на одредбите на членот 15 од овој закон ќе се казнат за соодветно кривично дело пропишано во Кривичниот законик.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

(1) Стручните и административните работи во однос на подготвувањето за започнување на работата на Државниот испитен центар ги вршат Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

(2) Претседателот и членовите на Управниот одбор ќе се именуваат од страна на Владата на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овај закон.

(3) Управниот одбор на првата седница избира вршител на должноста директор на Државниот испитен центар кој ги врши подготовките за започнување со работа на Државниот испитен центар.

(4) Управниот одбор во рок од 30 дена од денот на неговото именување распишува јавен конкурс за избор на директор на Државниот испитен центар, а директорот го избира во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот во јавниот конкурс.

(5) Државниот испитен центар започнува со работа со денот на изборот на вршител на должноста директор.

(6) Управнот одбор го донесува Статутот во рок од 30 дена од денот на именувањето на претседателот и членовите на Управниот одбор.

(7) Актите за организација и работа и систематизација на работните места, директорот на Државниот испитен центар ќе ги донесе во рок од 30 дена од денот на неговиот избор.

Член 20

До започнувањето со работата на Државниот испитен центар, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието продолжуваат да ги вршат работите од негова надлежност.

Член 21

(1) Вработените во Бирото за развој на образованието кои работат на работите на вреднувањето на постигањата на учениците продолжуваат со работа во Државниот испитен центар од денот на неговото започнување со работа.

(2) Средствата, опремата, инвентарот и документацијата поврзани со работата на вработените од ставот (1) на овој член ги презема Државниот испитен центар од денот на неговото започнување со работа.

Член 22

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од членот 91 ставови (5), (6), (7) и (8) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008 и 92/2008).

Член 23

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службениот весник на Република Македонија”.

# L I G J
# PËR QENDREN SHTETERORE PËR PROVIM

## I. DISPOZITA TË PERGJITHSHME

Neni 1

Me kete ligj rregullohet themelimi, puna, kompetencat, administrimi, udheheqja, financimi, mbikeqyrja ndaj punes si dhe ceshtje tjera të lidhura me punen e Qendres shteterore për provim.

Neni 2

(1) Për organizimin dhe aplikimin e vleresimit të jashtem të arritjeve të nxenesve në arsimin fillor dhe të mesem, për aftesimin e kandidateve për drejtore, si dhe dhenien e provimit për drejtore të shkollave fillore dhe të mesme, themelohet Qendra shteterore për provim, e cila eshte e pavarur në punen e saj.

(2) Qendra shteterore për provim ka cilesi të personit juridik.

(3) Qendra shteterore për provim e fiton statusin e personit juridik, me regjistrim në Regjistrin qendror të Republikes së Maqedonise.

(4) Selia e Qendres shteterore për provim eshte në Shkup.

Neni 3

Për realizimin e puneve nga fusheveprimi i vet, Qendra shteterore për provim eshte kompetente:

- të marre pjese në pergatitjen e konceptit për maturen dhe provimin perfundimtar në arsimin e mesem,
- të perpiloje programe provimi për provimet e jashtme në maturen shteterore, maturen shkollore dhe provimin perfundimtar në arsimin e mesem, në bashkepunim me Byrone për zhvillim të arsimit, Qendren për arsim dhe trajnim profesional dhe Qendren për arsimin e të rriturve,
- të perpiloje fletetestime të standardizuara për provimet e jashtme në maturen shteterore,
- të perpiloje baze të detyrave të provimit për kontrollim të jashtem të arritjeve të nxenesve në arsimin fillor dhe të mesem, në bashkepunim me Byrone për zhvillim të arsimit, Qendren për arsim dhe trajnim profesional dhe Qendren për arsimin e të rriturve,
- të perpiloje fletetestime standarde për kontrollim të jashtem të arritjeve të nxenesve në arsimin fillor dhe të mesem,
- të zhvilloje dhe mirembaje sistemin e informacionit për vleresimin e arritjeve të nxenesve në provimet e jashtme, në arsimin fillor dhe të mesem dhe të provimeve të jashtme në maturen shteterore,
- të publikoje në ueb-faqen e vet programet e provimeve, informata dhe materiale të tjera për maturen shteterore, maturen shkollore dhe provimin perfundimtar,
- të pergatite materiale profesionale dhe kryeje trajnim të arsimtareve lidhur me vleresimin e arritjeve të nxenesve në provimet e matures dhe në provimin perfundimtar,
- të caktoje koordinatore dhe testues lokale për realizimin e provimeve të jashtme në maturen shteterore,
- të caktoje vleresues për vleresimin e arritjeve të nxenesve në provimet e jashtme të arsimit fillor dhe të mesem, si dhe në provimet e jashtme në maturen shteterore,
- të formoje komisione shteterore lendore të matures,
- të formoje komisione për kontroll të jashtem të arritjeve të nxenesve në fund të vitit shkollor,
- të kryeje trajnim të koordinatoreve, testuesve dhe vleresuesve locale,
- të kryeje trajnim të anetareve të komisioneve shteterore lendore të matures,
- të kryeje trajnim të kryetareve dhe sekretareve të komisioneve shkollore të matures,
- të kryeje detyra organizative dhe teknike për realizimin e provimeve të jashtme të matures shteterore,
- të koordinoje punen e komisioneve shteterore lendore të matures,
- të koordinoje punen komisioneve shkollore të matures,
- të grumbulloje, perpunoje dhe analizoje të dhenat për rezultatet e provimeve të jashtme,
- të siguroje mbrojtje të fshehtesise së pergatitjes, shtypjes, distribuimit dhe ruajtjes së materialit për provim,
- të kryeje trajnim të kandidateve për drejtore të shkollave fillore dhe të mesme,
- ministrit kompetent të arsimit (në tekstin e metutjeshem: ministri) i propozon Program për pergatitjen dhe dhenien e provimit për drejtor të shkolles filore dhe të mesme,
- të realizoje provimin për drejtore të shkollave fillore dhe të mesme,
- të leshoje certifikata për kandidatet të cilet e kane kaluar provimin për drejtore të shkollave fillore dhe të mesme,
- të kryeje pune profesionale-administrative dhe financiare për nevojat e Keshillit shteteror të matures dhe komisionet shteterore lendore të matures,
- boton literature profesionale nga fusheveprimi i punes së vet dhe
- të kryeje edhe pune të tjera të percaktuara me ligj dhe me statutin e Qendres shteterore për provim.

## II. ADMINISTRIMI DHE UDHEHEQJA ME QENDREN SHTETERORE PËR PROVIM

Neni 4

Organe të Qendres shteterore për provim jane Keshilli drejtues dhe drejtori.

**Keshilli drejtues**

Neni 5

(1) Me Qendren shteterore për provim administron Keshilli drejtues.

(2) Keshilli drejtues perbehet nga shtate anetare nga të cilet njeri eshte kryetar, dhe atë: nga dy anetare nga radha e të punesuarve në Qendren shteterore për provim dhe nga Byroja për zhvillimin e arsimit si dhe nga një anetare prej Ministrise së arsimit dhe shkences, Qendres për arsim dhe trajnim profesional dhe nga Konferenca nderuniversitare.

(3) Kryetari dhe anetaret e Keshillit drejtues i emeron dhe shkarkon Qeveria e Republikes së Maqedonise, duke e pasur parasysh perfaqesimin perkates dhe të drejte të pjesetareve të bashkesive në gjuhen dhe alfabetin e të cileve realizohet mesimi në arsimin fillor dhe të mesem.

(4) Kryetari dhe anetaret e Keshillit drejtues emerohen me mandat prej gjashte vitesh, dhe mundet vetem edhe njehere të emerohen serish.

Neni 6

Për kryetar dhe anetar të Keshillit drejtues mund të emerohet personi i cili i permbush kushtet, si vijojne:

- të jete shtetas i Republikes së Maqedonise,
- ta kete të kryer arsimin e larte dhe
- të kete pervoje pune prej së paku pese vitesh në veprimtarine edukativo-arsimore ose në organ tjeter të administrates shteterore, kompetent për punet në arsim.

Neni 7

(1) Keshilli drejtues i Qendres shteterore për provim, i ka kompetencat si vijojne:

- e miraton statutin e Qendres shteterore për provim;
- e miraton programin vjetor për pune të Qendres shteterore për provim dhe ia dergon Ministrise së Arsimit dhe Shkences dhe Qeverise së Republikes ë Maqedonise, më së voni deri më 31 janar;
- e miraton llogarine perfundimtare;

- e miraton raportin vjetor për punen e Qendres shteterore për provim dhe ia dergon Ministrise së Arsimit dhe Shkences dhe Qeverise së Republikes së Maqedonise, më së voni deri më 31 janar;
- jep pelqim për aktet e organizimit dhe punes dhe të sistematizimit të vendeve të punes në Qendren shteterore për provim;
- vendos pas kundershtimeve lidhur me marredhenien e punes të punonjesve, në Qendren shteterore për provim;
- miraton rregullore për punen e vet dhe
- kryen edhe pune tjera, të percaktuara me Statut.

(2) Pelqim për statutin e Qendres shteterore për provim, e jep Qevria e Republikes së Maqedonise.

Neni 8

Kryetari dhe anetari i Keshillit drejtues mund të shkarkohet edhe para kalimit të mandatit, nese:
- e kerkon vet atë;
- në rast të pengimit të kryerjes së funksionit për shkak të semundjes, me kohezgjatje të panderprere prej më shume se gjashte muajsh dhe
- punon në kundershtim me dispozitat e ketij ligji dhe Statutit.

**Drejtori i Qendres shteterore për provim**

Neni 9

(1) Me punen e Qendres shteterore për provim udheheq drejtori.

(2) Drejtori zgjedhet dhe shkarkohet nga Keshilli drejtues.

(3) Drejtori zgjedhet permes konkursit publik, të cilin e shpall Keshilli drejtues në mjetet e informimit publik.

(4) Drejtori zgjedhet për kohen prej pese vitesh dhe mund të zgjedhet perseri.

(5) Për drejtor mund të zgjedhet personi i cili i ploteson kushtet, si vijojne:
- të jetae shtetas i Republikes së Maqedonise,
- ta kete të kryer arsimin e larte,
- të kete së paku gjashte vjet pervoje pune me veprimtari edukativo-arsimore, ose në organ të administrates shteterore kompetent për punet e arsimit.

Neni 10

Drejtori i Qendres shteterore për provim ka zevendesin, i cili e zevendeson drejtorin në rast të mungeses së tij ose të pengimit me të gjitha autorizimet dhe pergjegjesite e tij në menaxhim.

Dispozitat e ketij ligji që kane të bejne me zgjedhjen, shkarkomin dhemandatin e drejtorit të Qendres shteterore për provim kane të bejne edhe me zevendesdrejtorin.

Neni 11

(1) Nese në konkursin e shpallur nuk paraqiten kandidate ose nese Keshilli drejtues nuk emeron drejtor nga kandidatet e paraqitur, shpallet konkurs i ri publik;

(2) Nese për shkaqet nga paragrafi (1) i ketij neni, nuk zgjedhet drejtori ose i ka pushuar mandati para kohe, Keshilli drejtues pa konkurs publik emeron ushtrues detyre, sipas rregulles nga radha e të punesuarve në Qendren shteterore për provim;

(3) Ushtruesi i detyres drejtor, i ka të gjitha të drejtat dhe detyrat e drejtorit të Qendres shteterore për provim;

(4) Ushtruesi i detyres drejtor emerohet për kohen deri në zgjedhjen e drejtorit, e më së shumti deri në gjashte muaj pa të drejte rizgjedhjeje.

(5) Për ushtrues detyre drejtor, mund të emerohet personi që i ploteson kushtet sikur për zgjedhjen e drejtorit.

Neni 12

Drejtori i Qendres shteterore për provim i kryne punet, si vijojne:
- udheheq me punen e Qendres shteterore për provim;
- e prezanton dhe perfaqeson Qendren shteterore për provim;
- e propozon programin vjetor për pune të Qendres shteterore për provim, statutin dhe llogarine perfundimtare;
- e propozon raprtin vjetor të punes së Qendres shteterore për provim;
- e organizon realizimin e programit vjetor;
- i miraton aktet lidhur me marredhenien e punes, me të punesuarit;
- formon komisione;
- kryen zgjjedhjen e koordinatoreve, testuesve dhe vleresuesve lokale;
- kryen zgjedhjen e perkthyesve dhe të lexuesve të pavarur të materialit për provim;
- lidh marreveshje me koordinatoret, testuesit, vleresuesit lokale, bashkepunetoret e tjere të jashtem për të drejtat dhe obligim e tyre;
- i zbaton procedurat për mbikeqyrje dhe kontroll të fshehtesise së pergatitjes, shtypjes, distribuimit dhe ruajtjes së materialit për provim;
- pergjigjet për punen materialo-financiare dhe ligjshmerine e puneve nga kompetenca e tij;
- kryen pune të tjera të percaktuara me ligj dhe Statut.

Neni 13

(1) Drejtori i Qendres shteterore për provim, formon trupa keshilledhenes, dhe angazhon bashkepunetore të jashtem permes konkursit publik.

(2) Anetaret e trupave keshilledhenese dhe bashkepunetoret e jashtem nga paragrafi (1) i ketij neni, i zgjedh drejtori nga radhet e kandidateve të cilet i kane plotesuar kushtet e percaktuara në konkursin publik.

Neni 14

Drejtori mund të shkarkohet edhe para kalimit të mandatit për të cilin eshte zgjedhur, nese:
- e kerkon vet atë;
- në rast të pengimit të kryerjes së funksionit për shkak të semundjes me kohezgjatje të panderprere prej më shume se gjashte muajsh;
- nese vertetohen parregullsi serioze në punen materialo-financiare të tij, për shkak të së ciles i eshte shkaktuar dëm Qendres shteterore për provim;
- nese jep të dhene e cila eshte informate e klasifikuar, në pajtim me dispozitat për informatat e klasifikuara;
- në rast të punes në kundershtim me procedurat e fshehtesise së pergatitjes, shtypjes, distribuimit, ruajtjes, dhe vlerresimit të materialit për provim;
- punon në kundershtim me dispozitat e ketij ligji dhe Statutin.

III. FSHEHTESIA E MATERIALEVE PËR PROVIM

Neni 15

(1) Drejtori, kryetari i Keshillit drejtues, anetaret e Keshillit drejtues, të punesuarit në Qendren shteterore për provim, anetari i komisionit shteterore lendor të matures , anetari i komisionit shkollor të matures, anetar i komisionit për kontrollim të jashtem të arritjeve të nxenesve, perkthyesi i materialit për provim dhe lexuesi i pavarur i materialit për provim, nenshkruajne deklarate se do të udhehiqen sipas procedurave të fshehtesise në pergatitjen, shtypjen, distribuimin dhe ruajtjen e materialit për provim.

(2) Materiali për provim nga paragrafi (1) i ketij neni ka karakter të informates së klasifikuar me shkalle perkatese të fshehtesise, në pajtim me dispozitat e Ligjit për informatat e klasifikuara.

(3) Testuesi nenshkruan deklarate për udheheqje, sipas procedurave për realizimin e provimeve të jashtme.

(4) Vleresuesi nenshkruan deklarate për udheheqje, sipas proceduarve për vleresimin e testimeve.

(5) Distribuuesi i materialit për provim nenshkruan deklarate, për udheheqje sipas procedurave për distribuim.

(6) Procedurat për fshehtesine e pergatitjes, botimit, distribuimit, ruajtjes dhe vleresimit të materialit për provim, i pergatit Qendra shteterore për provim, ndersa i verteton ministri.

IV. FINANCIMI I QENDRES SHTETERORE TË MATURES

Neni 16

Mjetet për kryerjen e puneve nga kompetenca e Qendres shteterore për provim, sigurohen nga buxheti i Republikes së Maqedonise, nga burime vetjake nga sherbimet e kryera, dhe nga burime të tjera në pajtim me ligjin.

V.MBIKEQYRJA

Neni 17

Mbikeqyrje mbi zbatimin e dispozitave të ketij ligji, kryen Ministria e Arsimit dhe Shkences.

VI. DISPOZITA NDESHKUESE

Neni 18

Drejtori, i punesuari në Qendren shteterore për provim, anetari i komisionit shteteror lendor të matures , anetari i komisionit për mature shkollore, anetari i komisionit për kontrollim të jashtem të arritjeve të nxenesve, perkthyesi i materialit për provim, lexuesi i pavarur i materialit për provim, testuesi, vleresusesi, distribuuesi, nese veprojne në kundershtim me dispozitat e nenit 15 të ketij ligji, do të denohen për veper perkatese penale, të percaktuar në Kodin penal.

VII. DISPOZITA KALIMTARE DHE PERFUNDIMTARE

Neni 19

(1) Punet profesionale dhe administrative lidhur me pergatitjen për fillimin e punes së Qendres shteterore për provim, i kryen Ministria e Arsimit dhe Shkences dhe Byroja për Zhvillimin e Arsimit.

(2) Kryetari dhe anetaret e Keshillit drejtues do të emerohen nga ana e Qeverise së Republikes së Maqedonise, në afat prej 30 diteve nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

(3) Keshilli drejtues në mbledhjen e pare, zgjedh ushtrues detyre drejtor të Qendres shteterore për provim, i cili i bën pergatitjet për fillimin me pune të Qendres shteterore për provim.

(4) Keshilli drejtues në afat prej 30 diteve nga dita e emerimit të tij, shpall konkurs publik për zgjedhjen e drejtorit të Qendres shteterore për provim, ndersa drejtorin e zgjedh në afat prej 15 diteve nga dita e kalimit të afatit në konkursin publik.

(5) Qendra shteterore për provim fillon me pune, në diten e emerimit të ushtruesit të detyres drejtor.

(6) Keshilli drejtues e miraton Statutin në afat prej 30 ditesh, nga dita e emerimit të kryetarit dhe anetareve të Keshillit drejtues.

(7) Aktet për organizim dhe pune dhe për sistematizim të vendeve të punes, drejtori i Qendres shteterore për provim i miraton, në afat prej 30 ditesh nga dita e zgjedhjes së tij.

Neni 20

Deri në filimin e punes së Qendres shteterore për provim, Ministria e Arsimit dhe Shkences dhe Byroja për Zhvillimin e Arsimit, vazhdojne t'i kryejne punet nga kompetenca e saj.

Neni 21

(1) Të punesuarit në Byrone për Zhvillim të Arsimit, të cilet punojne në punet e vleresimit të arritjeve të nxenesve, vazhdojne me pune në Qendren shteterore për provim, nga dita e fillimit të saj me pune.

(2) Mjetet, pajisjen, inventarin, dokumentacionin lidhur me punen e të punesuarve nga paragrafi (1) i ketij neni, i merr Qendra shteterore për provim, nga dita e fillimit të saj me pune .

Neni 22

Me diten e hyrjes në fuqi të ketij ligji, pushojne të vlejne dispozitat nga neni 91 paragrafet (5), (6), (7), dhe (8) nga Ligji për arsimin e mesem ("Gazeta zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, dhe 92/2008).

Neni 23

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazeten zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**2900.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 5 ноември 2008 година.

Бр. 07-4868/1
5 ноември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

**Глава I**

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат видовите на придонеси за задолжително социјално осигурување (во натамошниот текст: придонеси), обврзниците за плаќање на придонеси, обврзниците за пресметка и уплата на придонеси, основиците на кои се плаќаат придонеси, стапките на придонеси, начинот на пресметка, роковите на плаќање на придонеси, контрола на пресметување и уплата на придонеси, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на придонесите.

Член 2

Со плаќање на придонесите се обезбедуваат средства за финансирање на задолжителното социјално осигурување.

Член 3

Средствата од придонесите се јавни давачки над кои контрола врши Министерството за финансии, а на располагање на институциите за задолжително социјално осигурување, основани со закони кои го уредуваат системот на задолжително социјално осигурување, за намени утврдени во согласност со тие закони.

**Поимник**

Член 4

Поимите кои се употребуваат во овој закон го имаат следново значење:

1. **„Обврзник за плаќање на придонеси“** е осигуреникот во чие име и за чија сметка се плаќаат придонесите;

2. **„Обврзник за пресметка и уплата на придонесите“** е работодавач, самовработено лице, индивидуален земјоделец, верско службено лице, државна институција, орган или организатор кој има обврска на товар и за сметка на обврзникот за плаќање на придонеси да ги пресмета, задржи и уплати придонесите;

3. **„Осигуреник“** е физичко лице задолжително осигурено според законите кои го уредуваат системот на задолжително социјално осигурување;

4. **„Работодавач“** е правно и физичко лице, како и друг субјект (орган на државна власт, орган на единица на локалната самоуправа, подружница на странско друштво, дипломатско и конзуларно претставништво), кое вработува работници врз основа на договор за вработување;

5. **„Плата“** е плата утврдена согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување;

6. **„Дополнителни примања од работен однос“** се исплатите по основ на деловна успешност на работодавачот и надоместоци на плата утврдени со Законот за работните односи и колективен договор;

7. **„Исплата по основ на деловна успешност“** претставува делот кој вработениот го добива по основ на деловна успешност на работодавачот;

8. **„Надоместок на плата“** претставува делот кој вработениот го добива по различни основи утврдени со Законот за работните односи и колективен договор;

9. **„Институции за задолжително социјално осигурување“** се Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за вработување на Република Македонија;

10. **„Самовработено лице“** е физичко лице кое врши самостојна економска дејност или професионална и друга интелектуална услуга од која остварува приход, во согласност со закон;

11. **„Индивидуален земјоделец“** е лице на кого земјоделската дејност му е единствено занимање и kое остварува приход по основ на вршење на земјоделска дејност;

12. **„Припадник на монашки и други верски редови и верско службено лице“** е лице вршител на верски обреди и други верски работи согласно со закон и прописите на верската заедница;

13. **„Најниска месечна основица“** е најнискиот износ на кој се пресметуваат и плаќаат придонеси;

14. **„Највисока месечна основица“** е највисокиот износ до кој се пресметуваат и плаќаат придонеси;

15. **„Просечна месечна плата“** е просечен износ на месечна заработка исплатен по вработен во Република Македонија, согласно со објавените податоци на Државниот завод за статистика и

16. **„Странец“** е лице кое не е државјанин на Република Македонија и лице без државјанство.

**Глава II**

ВИДОВИ ПРИДОНЕСИ

Член 5

Во задолжително социјално осигурување спаѓаат придонесите за:

1) пензиско и инвалидско осигурување врз основа на тековна исплата;

2) задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;

3) стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење;

4) здравствено осигурување и

5) осигурување во случај на невработеност.

Член 6

(1) Средствата собрани од задолжително социјално осигурување од членот 5 точки 1 и 3 на овој закон се приход на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

(2) Средствата собрани од задолжително социјално осигурување од членот 5 точка 2 на овој закон се лична сопственост на осигуреникот.

(3) Средствата собрани од задолжително социјално осигурување од членот 5 точка 4 на овој закон се приход на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

(4) Средствата собрани од задолжително социјално осигурување од членот 5 точка 5 на овој закон се приход на Агенцијата за вработување на Македонија.

**Глава III**

ОБВРЗНИЦИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ

**Обврзник за плаќање на придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување**

Член 7

(1) Обврзник за плаќање на придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување е:

1) работник во работен однос кај правно лице, самовработено лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје;

2) државјанин на Република Македонија кој на територијата на Република Македонија е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва, во лична служба на странски дипломатски и конзуларни претставништва или е во лична служба на странци, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено;

3) државјанин на Република Македонија кој е во работен однос во странство, врши дејност во странство или е упатен на работа во странство, ако за тоа време не е задолжително осигурен кај странски носител на осигурување, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено;

4) државјанин на Република Македонија вработен во странство во држава во која е задолжително осигурен, но во која правата од пензиско и инвалидско осигурување не може да ги остварува или не може да ги користи надвор од таа држава;

5) самовработено лице;

6) индивидуален земјоделец;

7) верско службено лице;

8) привремено невработено лице додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност, согласно со закон;

9) инвалид на трудот за време на користење на право на професионална рехабилитација согласно со закон;

10) самостоен уметник кој со таков статус се здобил според критериумите, во соодветна постапка и со соодветен акт на министерот за култура;

11) врвен спортист кој со таков статус се здобил според критериумите, во соодветна постапка и со соодветен акт на Агенцијата за млади и спорт и

12) странец кој на територијата на Република Македонија е во работен однос или во служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено.

(2) Обврзник за плаќање придонес е и осигуреникот кој пристапил во продолжено пензиско и инвалидско осигурување согласно со закон.

Член 8

Обврзник за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест е:

1) ученик и студент за време на практична работа;

2) лице на издржување казна затвор и издржување на воспитна мерка во воспитно-поправен дом за време на редовна работа што ја врши во текот на издржувањето на казната, односно мерката;

3) здравствен работник со високо образование кој стекнува работно искуство за полагање на стручен испит;

4) невработено лице за време на обука, преквалификација или доквалификација и

5) граѓанин на Република Македонија кој согласно со важечките прописи е упатен на школување во странство, како и странец кој се наоѓа на школување во Републиката ако државата, чиј граѓанин е тој, исто така постапува со граѓани на Република Македонија, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено.

Член 9

(1) Обврзник за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда е и лице кај кое повредата настанала со учество:

1) во акции за спасување или одбрана од елементарни непогоди или несреќи;

2) на работно ангажирање на корисници на социјална помош и невработени лица работно ангажирани за време на вршење на јавни работи;

3) во давање помош на органите за внатрешни работи во вршење на нивната службена должност;

4) на културно-уметнички манифестации и натпревари, организирани од културни и други организации;

5) на натпревари во физичка и техничка култура, организирани од спортски и други организации и

6) во волонтерска работа согласно со закон.

(2) Обврзник за плаќање придонес врз основа на ставот (1) од овој член е и спортист аматер согласно со закон.

**Обврзник за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување**

Член 10

(1) Обврзник за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување е:

1) работник во работен однос кај правно лице, самовработено лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје;

2) државјанин на Република Македонија кој на територијата на Република Македонија е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва, во лична служба на странски дипломатски и конзуларни претставништва или е во лична служба на странци, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено;

3) самовработено лице;

4) индивидуален земјоделец;

5) припадник на монашки и други верски редови и верско службено лице;

6) привремено невработено лице додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност и невработено лице кое активно бара работа и кое се пријавува во Агенцијата за вработување на Република Македонија, доколку нема друга основа на осигурување;

7) лице кое се пријавува во Агенција за вработување на Република Македонија и кое писмено се изјаснило дека се пријавува само заради остварување на права од задолжително здравствено осигурување;

8) државјанин на Република Македонија вработен во странство, ако за тоа време не е задолжително осигурен кај странски носител на осигурување според законот на земјата во која е вработен, или според меѓународна спогодба, а имал живеалиште на територијата на Република Македонија непосредно пред засновањето на работниот однос во странство - за членовите на семејството кои живеат во Република Македонија;

9) корисник на пензија и надоместок на плата според прописите на пензиското и инвалидското осигурување;

10) државјанин на Република Македонија кој прима пензија или инвалиднина од странски носител на осигурување додека престојува на територијата на Републиката;

11) лице корисник на постојана парична помош, лице сместено во згрижувачко семејство и во установа за социјална заштита, корисник на паричен надоместок за помош и нега и парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, согласно со прописите од социјалната заштита, ако не може да се осигури по друга основа;

12) странец кој на територијата на Република Македонија е во работен однос или служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва ако со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено;

13) странец кој се наоѓа на школување или стручно усовршување во Републиката ако со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено;

14) лице на издржување на казна затвор, лице кое се наоѓа во притвор (ако не е осигурено по друга основа), и малолетно лице кое се наоѓа на извршување на воспитна мерка упатување во воспитно - поправен дом, односно установа и

15) учесник во НОВ и учесник во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија, воен инвалид и членовите на семејствата на паднатите борци и умрените учесници во НОВ, како и цивилните инвалиди од Втората светска војна, лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на Македонија и нејзината државност, на кои тоа својство им е утврдено со посебни прописи и членовите на семејството и родителите на лицата граѓани на Република Македонија, загинати во војните при распадот на СФРЈ.

(2) Граѓаните кои не се дефинирани како обврзници за плаќање на задолжителен придонес за здравствено осигурување според ставот (1) на овој член, можат да станат обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување заради користење на правата на здравствени услуги дефинирани во законот кој го уредува системот на здравствено осигурување.

Член 11

Обврзник за плаќање на дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување е лице од членот 10 став (1) точки 1, 2 и 3 на овој закон.

**Обврзник за плаќање на придонес за задолжително осигурување во случај на невработеност**

Член 12

(1) Обврзник за плаќање на придонес за задолжително осигурување во случај на невработеност е:

1) работник во работен однос кај правно лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје;

2) државјанин на Република Македонија кој на територијата на Република Македонија е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски или конзуларни претставништва или е во лична служба на странски дипломатски или конзуларни претставништва или е во лична служба на странец, ако со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено;

3) странец кој на територијата на Република Македонија е во работен однос или служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва ако со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено и

4) работник кој прима надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа согласно со закон.

(2) Обврзник за плаќање придонес за задолжително осигурување во случај на невработеност е и осигуреникот кој пристапил во продолжено осигурување согласно со закон.

## Глава IV

## ОБВРЗНИЦИ ЗА ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ

Член 13

Обврзник за пресметка и уплата на придонеси е:

1) работодавач за своите вработени;

2) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување и Фондот за здравствено осигурување се обврзници за пресметка на придонесите за самовработено лице, индивидуален земјоделец, верско службено лице и лица од членот 7 став (1) точки 3 и 4, членот 7 став (2), членот 8 став (1) точка 5, членот 10 став (1) точки 5, 8, 10, 12 и 13, членот 10 став (2) и членот 12 став (2) на овој закон, а обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе;

3) работодавач или Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија за работник кој зема надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа, согласно со закон;

4) Агенцијата за вработување на Република Македонија за лицата од членот 7 точка 8, членот 8 став (1) точка 4, членот 10 став (1) точки 6 и 7 на овој закон;

5) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Македонија за лицата од членот 7 став (1) точка 9 и членот 10 став (1) точка 9 на овој закон;

6) Управата за извршување на санкции за лицата од членот 8 став (1) точка 2 и членот 10 став (1) точка 14 на овој закон;

7) установа од областа на образованието за лица од членот 8 став (1) точка 1 на овој закон;

8) надлежен орган на државната управа за лица од членот 7 став (1) точки 10 и 11, членот 8 став (1) точка 3 и членот 10 став (1) точки 11 и 15 на овој закон и за работник кој зема надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство;

9) организаторот за лица од членот 9 став (1) точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој закон и

10) професионален спортски клуб за лице од членот 9 став (2) на овој закон.

## Глава V

## ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРИДОНЕСИТЕ

Член 14

(1) Основица за пресметка и плаќање на придонеси е:

1) плата, дополнителни примања од работен однос утврдени во законот кој ги уредува работните односи, колективен договор и договорот за вработување, за лице во работен однос;

2) плата за работа со скратено работно време, односно за часовите поминати на работа, и дополнителни примања од работен однос утврдени во законот кој ги уредува работните односи, колективен договор и договорот за вработување, за работник кој работи со скратено работно време;

3) просечна плата во Републиката објавена во тековниот месец за самовработено лице кое врши самостојна економска дејност, лице од членот 10 став (1) точка 13 и лице од членот 10 став (2) на овој закон;

4) износ од две просечни плати во Републиката објавена во тековниот месец за самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга и лице од членот 7 став (1) точки 10 и 11 на овој закон;

5) просечна плата на работникот остварена во годината пред упатување на работа во странство, усогласена за просечен месечен пораст на платите кај работодавачот, за работник кој е упатен на работа во земји со кои Република Македонија нема склучено или преземено договор за социјално осигурување, за работник кој е упатен на работа во странство од работодавач;

6) просечна плата на работникот остварена во годината пред упатување на работа во странство, усогласена за просечен месечен пораст на платите кај работодавачот и платата што ја прима во странство, во земји со кои Република Македонија има склучено или преземено договор за социјално осигурување, за работник кој е упатен на работа во странство од работодавач;

7) пензијата, односно висината на надоместокот за корисникот на пензија, односно надоместок според прописите на пензиското и инвалидското осигурување, за корисник на домашна и/или странска пензија;

8) надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, за корисник на паричен надоместок;

9) надоместок за скратено работно време за нега и чување на потешко хендикепирано дете, за корисник на надоместок;

10) надоместок на плата за време на професионална рехабилитација, за корисник на надоместок;

11) надоместок во случај на невработеност, за невработени лица корисници на паричен надоместок за време на привремена невработеност;

12) 20% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката објавена во тековниот месец, за индивидуален земјоделец;

13) просечна плата во Републиката објавена во тековниот месец за државјанин на Република Македонија вработен во странство, ако за тоа време не е задолжително осигурен кај странски носител на осигурување според законот на земјата во која е вработен, или според меѓународна спогодба, а имал живеалиште на територијата на Република Македонија непосредно пред засновањето на работниот однос во странство - за членовите на семејството кои живеат во Република Македонија и

14) 50% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката објавена во тековниот месец за:

- припадник на монашки и други верски редови и верско службено лице,
- лице корисник на постојана парична помош, лице сместено во згрижувачко семејство и во установа за социјална заштита, корисник на паричен надоместок за помош и нега и парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, согласно со прописите од социјалната заштита, ако не може да се осигури по друга основа,
- лице на издржување на казна затвор, лице кое се наоѓа во притвор, ако не е осигурено по друга основа, и малолетно лице кое се наоѓа на извршување на воспитна мерка упатување во воспитно - поправен дом, односно установа,
- невработено лице кое активно бара работа и кое се пријавува во Агенцијата за вработување на Република Македонија, доколку нема друга основа на осигурување и лице кое се пријавува во Агенцијата за вработување на Република Македонија и кое писмено се изјаснило дека се пријавува само заради остварување на права од задолжително здравствено осигурување,
- учесник во НОВ и учесник во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија, воен инвалид и членовите на семејствата на паднатите борци и умрените учесници во НОВ, како и цивилните инвалиди од Втората светска војна, лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на Македонија и нејзината државност, на кои тоа својство им е утврдено со посебни прописи и членовите на семејството и родителите на лицата граѓани на Република Македонија, загинати во војните при распадот на СФРЈ и
- лицата од членовите 8 и 9 на овој закон.

(2) По лично барање, осигуреникот - самовработено лице и индивидуален земјоделец, придонесите може да ги плаќа и на повисока основица.

(3) Плата, пензија или инвалиднина која се прима во странска валута, поради утврдување на основицата на придонесите од ставот (1) на овој член, се пресметува во денарска противвредност по официјалниот среден курс на Народната банка на Република Македонија кој важи за последниот ден во месецот за кој придонесите се пресметуваат, односно плаќаат.

## Глава VI

## НАЈНИСКА И НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ

### Член 15

Основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основицата за осигурување, не може да биде пониска од 50% од просечната плата по работник во Република Македонија објавена во тековниот месец, со исклучок на основицата утврдена во членот 14 став (1) точки 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 на овој закон.

### Член 16

(1) Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите е износот од четири просечни плати.

(2) При пресметка на највисоката месечна основица се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија објавена во тековниот месец.

(3) Највисоката месечна основица ги вклучува сите примања на обврзникот за плаќање на придонеси од работен однос остварени во тековниот месец.

(4) На износот повисок од највисоката месечна основица не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.

(5) Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонеси за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност изнесува 80% од просечната плата по работник во Република Македонија објавена во тековниот месец.

## Глава VII

## ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ

### Член 17

(1) Придонесите ги пресметува, задржува и уплатува обврзникот за пресметка и уплата на придонеси при секоја исплата на плата или дел од плата, надоместок на плата, пензија, односно друг паричен надоместок.

(2) Начинот на пресметка и уплата на придонесите со акт го пропишува министерот за финансии.

### Член 18

(1) Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите е должен пресметката да ја врши месечно, поединечно за секој осигуреник, врз основа на основиците утврдени во членот 14 од овој закон за соодветниот месец и податоците за пресметана плата или дел од плата, надоместок на плата, односно друг паричен надоместок и придонеси, да ги доставува до Управата за јавни приходи, најдоцна до 10 во тековниот за претходниот месец, по електронски пат, на начин и постапка утврдена согласно со актот од членот 17 став (2) на овој закон.

(2) Месечната пресметка од ставот (1) на овој член ја контролира и потврдува Управата за јавни приходи, пред да се изврши уплата на придонесите кај носителот на платниот промет.

### Член 19

Контрола и потврда на налогот за плаќање врши Министерство за финансии согласно со актот од членот 17 став (2) на овој закон.

Gjoba në shumë prej 500 deri në 1.000 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet obliguesit për pagesën e kontributeve, nëse nuk dërgon njoftim te Drejtoria për të hyra publike, se obliguesi për llogaritje dhe pagesë të kontributeve ka vepruar në kundërshtim me nenin 22 paragrafi (2), i këtij ligji.

**Kreu XIII**

DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 30

(1) Shkallët sipas të cilave llogariten dhe paguhen kontributet, duke filluar me pagesën e rrogës për janarin e vitit 2009, janë:

1) 19% për sigurim të obligueshëm pensional dhe invalidor;

2) 4% shkalla e kontributit për invaliditet dhe dëmtim trupor, të shkaktuar me lëndim në punë ose sëmundje profesionale;

3) 7,5% për sigurim të obligueshëm shëndetësor;

4) 10% për sigurim të obligueshëm shëndetësor, për obliguesit të cilët kontributin e paguajnë në bazën e përcaktuar në nenin 14 pika 11 dhe nenin 14 pika 14 alinetë 1, 2, 3, 4 dhe 5 të këtij ligji;

5) 13% për sigurim të obligueshëm shëndetësor për obliguesin shfrytëzues i pensionit të vendit dhe/ose pensionit nga jashtë, i cili kontributin e paguan në shumën e pensionit;

6) 0,5% shkalla e kontributit plotësues për sigurim të detyrueshëm shëndetësor, për rastin e lëndimit në punë dhe sëmundjes profesionale;

7) 1.4% për kontribut të obligueshëm për sigurim në rast të papunësisë.

(2) Shkalla e kontributit për sigurimin pensional invalidor, për stazhin e sigurimit që llogaritet me kohëzgjatje të shtuar është:

− 9,50 % për kryerje të punëve dhe detyrave në të cilat 12 muaj të kaluar në mënyrë efektive, llogariten në stazh të sigurimit si 18 muaj;

− 7,92% për kryerje të punëve dhe detyrave në të cilat 12 muaj të kaluar në mënyrë efektive, llogariten në stazh të sigurimit si 17 muaj;

− 6,33% për kryerje të punëve dhe detyrave në të cilat 12 muaj të kaluar në mënyrë efektive, llogariten në stazh të sigurimit si 16 muaj;

− 4,75% për kryerje të punëve dhe detyrave në të cilat 12 muaj të kaluar në mënyrë efektive, llogariten në stazh të sigurimit si 15 muaj dhe

− 3,17% për kryerje të punëve dhe detyrave në të cilat 12 muaj të kaluar në mënyrë efektive, llogariten në stazh të sigurimit si 14 muaj;

Neni 31

(1) Shkallët sipas të cilave llogariten dhe paguhen kontributet, duke filluar me pagesën e rrogës për janar të vitit 2010, janë:

1) 16,5% për sigurim të obligueshëm pensional dhe invalidor;

2) 4% shkalla e kontributit për invaliditet dhe dëmtim trupor, të shkaktuar me lëndim në punë ose sëmundje profesionale;

3) 7% për sigurim të obligueshëm shëndetësor;

4) 10% për sigurim të obligueshëm shëndetësor, për obliguesit të cilët kontributin e paguajnë në bazën e përcaktuar në nenin 14 pikat 11 dhe 14, alinetë 1, 2, 3, 4 dhe 5;

5) 13% për sigurim të obligueshëm shëndetësor për obliguesin shfrytëzues i pensionit të vendit dhe/ose pensionit nga jashtë, i cili kontributin e paguan në shumën e pensionit;

6) 0,5% shkallë të kontributit plotësues për sigurim të obligueshëm shëndetësor, për rastin e lëndimit në punë dhe sëmundjes profesionale;

7) 1,2% për kontribut të obligueshëm për sigurim në rast të papunësisë.

(2) Shkalla e kontributit për sigurimin pensional invalidor, për stazhin e sigurimit që llogaritet me kohëzgjatje të shtuar, është:

− 8,25% për kryerjen e punëve dhe detyrave në të cilat 12 muaj të kaluar në mënyrë efektive, llogariten në stazh të sigurimit si 18 muaj;

− 6,88% për kryerjen e punëve dhe detyrave në të cilat 12 muaj të kaluar në mënyrë efektive, llogariten në stazh të sigurimit si 17 muaj;

− 5,50 për kryerjen e punëve dhe detyrave në të cilat 12 muaj të kaluar në mënyrë efektive, llogariten në stazh të sigurimit si 16 muaj;

− 4,13% për kryerjen e punëve dhe detyrave në të cilat 12 muaj të kaluar në mënyrë efektive, llogariten në stazh të sigurimit si 15 muaj dhe

− 2,75% për kryerjen e punëve dhe detyrave në të cilat 12 muaj të kaluar në mënyrë efektive, llogariten në stazh të sigurimit si 14 muaj.

Neni 32

Me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, për kontributet e papaguara si dhe për procedurat e filluara deri më 1 janar2009, për arkëtimin e borxhit themelor bashkë me kamatën ligjore, për kontributet e llogaritura dhe të paguara ose të papaguara në mënyrë jo të rregullt dhe procedurat të cilat do të fillojnë pas 1 janarit 2009, ndërsa kanë të bëjnë me borxhet e krijuara të obliguesve në bazë të kontributeve të papaguara dhe kontributeve të llogaritura dhe të paguara në mënyrë jo të rregullt për periudhat deri më 1 janar 2009, do të mbarojnë sipas Ligjit për sigurim shëndetësor ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008 dhe 98/2008) për kontributin për sigurim të obligueshëm shëndetësor, Ligji për sigurim pensional dhe invalidor ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 80/1993, 3/1994, 14/1995,71/1996, 32/1997,24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 101/2005, 70/2006 dhe 153/2007), për kontributin për sigurim të obligueshëm pensional dhe invalidor, dhe Ligjin për punësim dhe sigurim në rast të papunësisë ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007 dhe 102/2008) dhe i mbarojnë Fondi për sigurim pensional dhe invalidor, Fondi për sigurim shëndetësor dhe Agjencia për punësim e Republikës së Maqedonisë.

Neni 33

(1) Me ditën e zbatimit të këtij ligji, pushojnë të vlejnë neni 174, neni 175 paragrafi 1, neni 177 paragrafi 2 dhe 3, neni 180, neni 180-a, neni 182, neni 183, neni 183-a, neni 184, neni 185, neni 185-a, neni 185-b, neni 185-v, neni 185-g, neni 185-d, neni 185-gj, neni 185-e, neni 185-zh, neni 185-z dhe neni 191 paragrafi 2 pika 1, paragrafi 3, 4, 5 dhe 6 të Ligjit për sigurim pensional dhe invalidor; neni 38, neni 39, neni 40, neni 41, neni 42, neni 43, neni 44, neni 45, neni 46, neni 47 paragrafi 1, 2 dhe 3, neni 48 dhe neni 51 të Ligjit për sigurim shëndetësor dhe neni 95 paragrafi 2, neni 96 dhe neni 97 paragrafi 4 të Ligjit për punësim dhe sigurim në rast të papunësisë.

(2) Me ditën e zbatimit të këtij ligji pushon të vlejë Vendimi për shkallët, bazat dhe lartësia e kontributeve për sigurim të obligueshëm shëndetësor ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 4/2001, 50/2001 dhe 97/2008), Vendim për shkallën e kontributit nga rrogat për sigurim pensional dhe invalidor prej 1 janari 2009 deri më 31 dhjetor 2011 ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 97/2008), Vendimi për shkallën e kontributit për sigurim pensional dhe invalidor të stazhit të sigurimit që llogaritet me kohëzgjatje të shtuar, nga 1 janari 2009 deri më 31 dhjetor 2011 ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë "numër 97/2008), Vendim për shkallën e kontributit për sigurimin pensional dhe invalidor të bujqve individualë nga 1 janari 2009 deri më 31 dhjetor 2011 ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 97/2008) dhe Vendim për shkallën e kontributit për punësim, nga 1 janari 2009 deri më 31 dhjetor 2011 ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 97/2008).

Neni 34

(1) Drejtoria për të hyra publike mund ta marrë pronën e tundshme ose të patundshme të Fondit për sigurim pensional dhe invalidor, Fondit për sigurim shëndetësor dhe Agjencisë për punësim të Republikës së Maqedonisë, që janë në funksion të kryerjes së punëve nga ky ligj, me gjendje në ditën e shtatë nga hyrja në fuqi të këtij ligji, në pajtim me raportin e Komisionit nga paragrafi (3) i këtij neni.

(2) Dokumentacionin teknik dhe dokumentacionin tjetër, si dhe të punësuarit të cilët janë në funksion të kryerjes së punëve nga ky ligj, do t'i marrë Drejtoria për të hyra publike nga institucionet për sigurim të obligueshëm social, me gjendje në ditën e shtatë nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

(3) Qeveria e Republikës së Maqedonisë formon Komision të përbërë me përfaqësues nga Ministria e Financave, Ministria e Punës dhe Politikës Sociale, Ministria e Shëndetësisë, Fondi i sigurimit pensional dhe invalidor, Fondi për sigurim shëndetësor, Agjencia për punësim e Republikës së Maqedonisë dhe Drejtoria për të hyra publike, për përcaktimin e pronës së tundshme dhe të patundshme, dokumentacionit teknik dhe dokumentacionit tjetër dhe të punësuarve nga paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni, në afat prej pesë ditësh, nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 35

Institucionet për sigurim të obligueshëm social, duhet t'ia dërgojnë evidencat për obliguesit e pagesës së kontributeve dhe obliguesit për llogaritje dhe pagesë të kontributeve, Drejtorisë për të hyra publike me gjendjen 31 dhjetor 2008.

Neni 36

Akti nga neni 17 paragrafi (2), do të nxirret në afat prej 15 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 37

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të zbatohet prej 1 janar të vitit 2009, për rrogën e janarit ose nga pjesë e rrogës, kompensim të rrogës, pensionit përkatësisht kompensim tjetër në të holla. Neni 31 do të zbatohet nga 1 janari 2010, ndërsa neni 25 do të zbatohet nga 1 janari 2011.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2901.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/00,12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4.11.2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2008-2015 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се формира Национално координативно тело за следење и оценка на имплементацијата на Националната стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008-2015 година.

Член 2

Со Националното координативно тело за следење и оценка на имплементацијата на Националната стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008-2015 година ќе претседава Министерството за труд и социјална политика.

Член 3

Националното координативно тело за следење и оценка на имплементација на Националната стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008-2015 година, ќе биде составено од претставници на Министерството за труд и социјална политика координатор, претседател и еден член, Министерството за финансии двајца членови и од по еден член од Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за локална самоуправа, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Државниот завод за статистика и Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Со Телото ќе претседава Министерството за труд и социјална политика.

Член 4

Надлежноста на ова тело е во функција на:

- Утврдување на временска рамка и актери одговорни за спроведување на активностите;
- Развивање на план за следење на прогресот согласно со индикаторите наведени во Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008-2015 година;
- Вршење на редовни периодични (шестмесечни) проценки за напредокот во однос на спроведувањето;
- Изготвување на упатства за унапредување на координативниот пристап;
- Планирање и извршување на координирани активности;
- Изготвување на редовен годишен извештај за своето работење;
- Развивање на иницијативи во однос на воспоставување на локални координативни совети на ниво на локална самоуправа;
- Изготвување на предлози и мислења за законски и подзаконски акти на полето на демографскиот развој.

Член 5

За реализација на оваа одлука се задолжува Министерството за труд и социјална политика.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр.19-5425/1<br>4 ноември 2008 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески**, с.р. |

**2902.**

Врз основа на член 20, став 1 и член 27-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6.11.2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ И ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, му престанува користењето на недвижната ствар на адреса: „Трета Македонска Бригада“ бб, Скопје, запишана во Имотен лист бр. 45051, Катастарска парцела бр. 487 во Катастарска општина Кисела Вода 2, како сопственост на Република Македонија, со површина од 2.474 м$^2$.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на користење без надоместок на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Скопје.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука ќе се изврши помеѓу досегашниот корисник Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија и новиот корисник Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, најдоцна до крајот на ноември 2008 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-5749/1<br>6 ноември 2008 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**2903.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 4.11.2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА КООРДИНАТОР, ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2008-2015 ГОДИНА

1. За координатор, претседател и членови на Националното координативно тело за следење и оценка на имплементацијата на Националната стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008-2015 година се именуваат:

Министерство за труд и социјална политика:

- Душко Миновски - државен секретар - Координатор на Националното координативно тело од Министерството за труд и социјална политика
- Валентина Павловска - државен советник – претседател на Националното координативно тело од Министерството за труд и социјална политика
- Дени Ѓорчевски – државен советник за буџет, финансии и сметководство од Министерството за труд и социјална политика

Министерство за здравство:

- Јованка Костовска - раководител на Сектор за превентивна здравствена заштита

Министерство за образование и наука:

- Јасна Видановска – раководител на Одделение за децентрализација

Министерство за локална самоуправа:

-Пене Пенев- државен советник

Министерство за транспорт и врски:

- Сузана Камческа- советник за станбени работи

Министерство за финансии:

- Никица Мојсовска-Блажески - раководител на Сектор за макро економска политика
- Анета Димовска – Сектор за макроекономска политика

Министерство за економија:

- Николина Трајановска - раководител на Одделението за следење на индустриско производство и технолошки развој

Агенција за вработување на Република Македонија:

- Билјана Деловска- раководител на Сектор за истражување и анализа на пазарот на трудот

Државен завод за статистика

- Славка Атанасова - раководител на Сектор за социјални статистики

Фонд за здравствено осигурување на Македонија

-д-р Ана Петрова – началник на Сектор за контрола.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.19-5425/2 | Заменик на претседателот |
| 4 ноември 2008 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Зоран Ставрески**, с.р. |

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**2904.**

Врз основа на член 17 од Законот за издавање на вредносни бонови-ваучери ("Службен весник на Република Македонија" бр.139/08), министерот за финансии донесе

## УПАТСТВО
## ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ИЗДАВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ВРЕДНОСНИТЕ БОНОВИ-ВАУЧЕРИ ЗА КУПУВАЊЕ НА КОМПЈУТЕРИ

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот и постапката на издавање и користење на вредносните бонови-ваучери за купување на компјутери.

Член 2

Вредносните бонови-ваучери за набавување на компјутери (во натамошниот текст: ваучери) се употребуваат како учество за купување на компјутери.

Член 3

Ваучерите се печатат во институција избрана согласно Законот за јавни набавки од страна на Министерството за финансии.

Член 4

Примопредавањето на ваучерите на Министерството за финансии од институцијата која ги печатела ваучерите се врши со записник за примопредавање кој се потпишува од најмалку три одговорни лица од Министерството за финансии и три одговорни лица од овластената институција за печатење.

Член 5

Ваучерите во Министерството за финансии се чуваат во метална каса и истите од металната каса се подигаат и предаваат на претставниците од високо образовната установа во присуство на најмалку по три лица од Министерството за финансии и од високо образовната установа.

Член 6

Бројот на ваучерите кои Министерството за финансии ги предава на високо образовните установи се определува врз основа на изготвена листа од Министерството за образование и наука за вкупниот број на редовни студенти запишани за прв пат во завршната студиска година во учебната 2008/2009 година во високо образовните установи во Република Македонија до 15 ноември 2008 година, како и на бројот на студенти кои се евидентирани како лица со посебни потреби.

Член 7

Високо образовните установи ги чуваат ваучерите на места заштитени соодветно од злоупотреба и неовластено стекнување на ваучерите.

Член 8

Примопредавањето на ваучерите меѓу Министерството за финансии и високо образовните установи се врши со записник за примопредавање кој се потпишува од најмалку три одговорни лица од Министерството за финансии и три одговорни лица од високо образовните установи.

Член 9

Ваучерот за купување на компјутер се подига врз основа на поднесено барање од студентот до високо образовната установа во која е запишан.

Член 10

Целокупниот тек на движење на ваучерите во прометот се следи преку дигитална заштита на процесот за издавање и користење на ваучерите, обезбедена преку креираната web апликација на Министерството за информатичко општество.

Член 11

Студентот при подигање на ваучерот во високо образовната установа пополнува формулар со изјава за прием на ваучер за купување на компјутер во кој го наведува своето име и презиме, бројот на личната карта или патната исправа, бројот на индексот и серискиот број на ваучерот кој го добива.

Член 12

Внесувањето на податоците за студентот на кој му е доделен ваучерот се врши во web апликацијата од страна на лице-администратор назначено од високо образовната установа до која единствен пристап има само тоа лице.

Член 13

Сите субјекти (трговски друштва и трговци поединци) регистрирани за дејности поврзани со трговија, одржување и поправка на компјутери, кои се заинтересирани за продажба на компјутери со перформанси на-

ведени во член 8 од Законот за издавање на вредносни бонови-ваучери пополнуваат пријава која ќе ја симнат од web страната специјално наменета за оваа програма www.mio.gov.mk/vaucheri

Пријавата од став 1 на овој член содржи податоци за фирмата, дејноста, единствениот даночен број (ЕДБ), единствен матичен број на субјектот (ЕМБС), седиште, град, телефон, факс и e-mail. Кон пријавата се приложува и документ за регистрирана дејност од Централниот Регистар на Република Македонија и се доставуваат до Министерството за информатичко општество.

Член 14

На субјектите од член 13 на ова упатство кои ја приложиле потребната документација им се доделува име на корисник и лозинка за пристап во web апликацијата. Субјектите на кои им се доделени име на корисник и лозинка за пристап во web апликацијата се објавуваат на web страната од член 13 од ова упатство.

Член 15

Студентот ваучерот го реализира преку купување на компјутер од субјектите објавени на web страната од член 14 од ова упатство.

Член 16

Субјектите од член 14 од ова упатство, го проверуваат идентитетот на студентот по електронски пат врз основа на серискиот број на ваучерот, бројот на личната карта или патната исправа на студентот и бројот на индекс на студентот.

Член 17

При приемот на ваучерите, субјектите од член 14 од ова упатство, за секој примен ваучер пополнуваат формулар со изјава за купување на компјутер со ваучер во кој се наведуваат името и презимето на студентот, бројот на индексот, бројот на личната карта или патната исправа, серискиот број на ваучерот, име на високо образовната установа од каде е подигнат ваучерот и личен потпис на студентот.

Член 18

Субјектите од член 14 од ова упатство, до Министерството за информатичко општество најдоцна до 22 декември ги доставуваат искористените ваучери, копија од фискалната сметка и копија од договорот за купопродажба на купениот компјутер, чие предавање се потврдува со архивскиот број под кој е заведена примената документација.

Член 19

Врз основа на доставената документација од субјектите од член 14 од ова упатство од страна на Министерството за информатичко општество се изготвува список на субјекти кои доставиле ваучери за наплата до Министерството за информатичко општество.

Списокот од став 1 од овој член содржи податоци за: фирмата на субјектот, име и презиме и број на лична карта или патната исправа на студентот кој го искористил ваучерот, серискиот број на ваучерот и име на високо образовната установа од каде е подигнат ваучерот.

Член 20

Неискористените ваучери, високо образовните установи ги доставуваат и предаваат до Министерството за финансии за што се составува записник за извршеното примопредавање.

Член 21

Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 12-41691/1
5 ноември 2008 година
Скопје

Министер,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**2905.**

Врз основа на член 423 став 2 алинеја 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/2007 и 86/2008), министерот за економија во согласност со министерот за внатрешни работи и министерот за транспорт и врски, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ДИМЕНЗИИТЕ, ВКУПНАТА МАСА И ОСНОТО ОПТОВАРУВАЊЕ НА ВОЗИЛАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат димензиите, вкупната маса и осното оптоварување на возилата.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

- „моторно возило" е секое возило на моторен погон, со исклучок на мотоцикл, кое вобичаено се користи за превоз на лица или стока на патишта или за влечење на возила на патишта што се користат за превоз на лица и стока и кое има најмалку четири тркала и максимално проектирана брзина над 25 km/h;
- „приколка" е приклучно возило конструирано така што вкупната маса преку своите оски ја пренесува на патот, кое е наменето да биде прикачено на моторно возило, со исклучок на полуприколка и кое е конструирано за превоз на добра;
- „полуприколка" е приклучно возило без една оска конструирано така што со својот преден дел се потпира врз влечно возило;
- „група возила" е друмски спрег составен од моторно возило и приколка (друмски воз), или друмски спрег на тегнач, составен од тегнач и полуприколка;
- „кондиционирано возило" е возило чија што фиксна или демонтажна надградба се специјално опремени за превоз на стока при контролирана температура и чии што странични ѕидови содржат изолација и се дебели најмалку 45mm секој;
- „автобус" е моторно возило со повеќе од девет седишта, вклучувајќи го и седиштето на возачот, конструирано и опремено за превоз на патници и нивниот багаж. Автобусот може да има една или две платформи и може да влече приколка за багаж;
- „зглобен автобус (автобус со приколка)" е автобус составен од два или повеќе дела, кои се меѓусебно поврзани со зглобен дел, што овозможува поминување на лица од едниот на другиот дел;
- „најголеми дозволени димензии" се најголемите димензии за користење на возилото како што се дадени во овој правилник;
- „најголема дозволена маса" е масата на возилото заедно со неговата носивост;
- „најголемо дозволено осно оптоварување" е најголемото оптоварување на оска или група оски за користење на возилото во сообраќајот;
- „неразделен товар" е товар кој, при превоз на пат, неможе да се дели на два или повеќе делови без несоодветен трошок или ризик од оштетување и кој што по-

ради неговите димензии или маса не може да се превезува со моторно возило, приколка, друмски спрег или друмски спрег на тегнач кои се во согласност со овој правилник;

- „најголема должина на возилото" е хоризонталното растојание меѓу најиздадениот преден дел и најиздадениот заден дел на возилото без товар мерено во насока на подолжната оска од возилото;

- „најголема широчина на возилото" е хоризонталното растојание меѓу најиздадените бочни делови на возилото без товарот мерено нормално на подолжната оска;

- „најголема височина на возилото" е растојанието од хоризонталната подлога и највисокиот дел на возилото во неоптоварена состојба.

Член 3

Најголемата дозволена должина на возилото изнесува, и тоа:

| | |
|---|---|
| а) за моторно возило | 12,00 m |
| б) за приколка | 12,00 m |
| в) за друмски спрег на тегнач (тегнач со полуприколка) | 16,50 m |
| г) за друмски спрег друмски воз) (моторно возило и приколка) | 18,75 m |
| д) за зглобен автобус | 18,00 m |

Најголема дозволена широчина на возилото изнесува и тоа:

| | |
|---|---|
| а) за товарни моторни и приклучни возила со изотермна надградба чија дебелина на ѕидовите е еднаква или поголема од 45 mm | 2,60 m |
| б) за сите останати возила | 2,55 m |

Најголемата дозволена височина на возилата изнесува 4 m, а за возилата за јавен градски превоз на патници изнесува 4,2 m.

Изотермните надградби кои што се демонтажни, како и стандардизирани товари, како што се контејнерите, се вклучени во димензиите дадени во член 3 став 1,2,3,6,7 и 8 и член 7 став 4 од овој правилник.

Било кое моторно возило или група возила (друмски спрег) кое е во движење мора да може да заврти во кружен прстен кој има надворешен полупречник од 12,50 m и внатрешен полупречник од 5,30 m.

Најголемо растојание меѓу оската на трнот за влечење и задниот крај на полуприколката изнесува до 12,00 m.

Најголемото растојание мерено паралелно со надолжната оска од најиспакнатата предна надворешна точка на товарниот простор позади кабината, па до најиспакнатата надворешна точка на задниот дел на приколката намалена за растојанието помеѓу задниот дел од влечното возило и предниот дел од приколката кај друмски спрег (друмски воз) изнесува до15,65m.

Најголемото растојание, мерено паралелно со надолжната оска од најиспакнатата предна надворешна точка на товарниот простор позади кабината до најиспакнатата задна надворешна точка на приколката кај друмски спрег (друмски воз) изнесува до 16,40 m.

Член 4

Најголемата дозволена вкупна маса на возилата и нивните комбинации изнесува:

| | |
|---|---|
| 1. Двоосна приколка | 18 t. |
| 2. Троосна приколка | 24 t. |
| 3. Друмски спрег (друмски воз) составен од двоосно моторно возило и троосна приколка | 40 t. |
| 4. Друмски спрег (друмски воз) составен од троосно моторно возило и приколка со две или со три оски | 40 t. |
| 5. Друмски спрег на тегнач составен од тегнач со две оски и полуприколка со три оски | 40 t. |
| 6. Друмски спрег на тегнач составен од тегнач со три оски и полуприколка со две или со три оски | 40 t. |
| 7. Друмски спрег (друмски воз) со четири оски составен од двоосно моторно возило и двоосна приколка | 36 t. |

8. Друмски спрег на тегнач со четири оски составен од двоосен тегнач и двоосна полуприколка ако растојанието помеѓу оските на полуприколката е:

а) од 1,3 m до 1,8 m 36 t.

б) поголемо од 1,8 m: 36 t.

+ 2 t гранично кога најголемата дозволена маса на моторното возило (18 t) и најголемото дозволено оптоварување на тандем оската на полуприколката (20 t) се испочитувани и погонската оска е опремена со вдвоени тркала и воздушно потпирање.

9. Двоосно моторно возило 18 t.

10. Триосно моторно возило 25 t.

26 t. кога погонската оска е опремена со вдвоени пневматици и пневматско потпирање, или оптоварувањето на секоја оска не надминува 9,5 t.

11. Четириосно моторно возило со две управувачки оски: 32 t. кога погонската оска е опремена со вдвоени тркала и со пневматско потпирање или кога секоја погонска оска е опремена со вдвоени тркала и максималното оптоварување не надминува 9,5 t.

12. Триосен зглобен автобус: 28 t.

Член 5

Најголемото дозволено осно оптоварување изнесува кај:

| | |
|---|---|
| 1. Единечна непогонска оска | 10 t |
| 2. Тандем оски на приколки и полуприколки: | |
| а) со растојание меѓу оските помало од 1 m | 11 t |
| б) со растојание меѓу оските од 1 m и повеќе но помало од 1,3 m | 16 t |
| в) со растојание меѓу оските од 1,3 m и повеќе но помало од 1,8 m | 18 t |
| г) со растојание меѓу оските 1,8 m и поголемо | 20 t |
| 3. Тројни оски на приколки и полуприколки: | |
| а) со растојание меѓу оските кое не е поголемо од 1,3 m | 21 t |
| б) со растојание меѓу оските кое е поголемо од 1,3 m а помало или еднакво на 1,4 m | 24 t |
| 4. Погонски оски: | |
| а) погонска оска на состав од точките 3,4,5 и 6 од член 4 на овој правилник | 11,5 t |
| б) погонска оска на состав од точките 7,8,9,10,11 и 12 на член 4 на овој правилник | 11,5 t |
| 5. Тандем оски од моторни возила: | |
| а) со растојание меѓу оските помало од 1 m | 11,5 t |
| б) со растојание меѓу оските од 1 m и повеќе но помало од 1,3 m | 16 t |
| в) со растојание меѓу оските од 1,3 m и повеќе но помало од 1,8 m | 18 t |
| г) во случај кога растојанието меѓу оските е еднакво или поголемо од 1,3 m, но помало од 1,8 m и кога погонската оска е опремена со вдвоени тркала и со пневматски систем за потпирање или кога погонската оска е опремена со вдвоени тркала и кога секоја оска не е оптоварена повеќе од 9,5 t, дозволеното оптоварување на таквата оска изнесува | 19 t |

Член 6

За сите возила оптоварувањето на погонската оска или на погонските оски на возилото или на составот на возилата не треба да е помало од 25% од вкупната маса на оптовареното возило или на групата возила, кога учествуваат во сообраќајот.

Кај друмски спрегови (друмски возови) растојанието меѓу задната оска на моторното возило и предната оска на приколката не треба да е помало од 3,00 m.

Вкупната дозволена маса во тони, зависно од меѓуоскиното растојание на четириосно моторно возило не треба да го надмине петкратното растојание во метри меѓу најпредната и најзадната оска на возилото.

Кај полуприколките, растојанието кое е измерено хоризонтално помеѓу оската на трнот за влечење и било која точка на предниот дел од полуприколката не треба да надмине 2,04 m.

Член 7

Во однос на светлосно сигналната опрема се смета дека возилата ги исполнуваат барањата на прописите од оваа област кои се во сила во Република Македонија, доколку ги исполнуваат суштествените барања утврдени во соодветните ECE хомологациски правилници, за односната категорија на возила.

Член 8

Во однос на системите за сопирање се смета дека возилата од категориите N2, N3 и O ги исполнуваат барањата на прописите од оваа област кои се во сила во Република Македонија, доколку ги исполнуваат суштествените барања утврдени во правилникот ECE R 13.08.

Член 9

Возилата со затворен товарен простор (фургони, цистерни и сл.) кои немаат барем еден отвор (врата, капак) кој може да се отвори од внатре, на видно место однадвор (на вратата и на капакот) треба да имаат поставено соодветни знаци или писмено предупредување за заштита од затворање на лица во внатрешноста на каросеријата.

Член 10

На возилата кои се наменети за трајна употреба во населени места, местоположбата на излезот на издувната цевка на уредот за одвод и испуштање на издувните гасови не треба да биде вградена и изведена на највисоката точка на возилото, доколку моторот на возилото има ниво на емисија најмалку Еуро 3.

Член 11

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за димензиите, вкупните маси и осното оптоварување на возилата во сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2006 и 9/2007).

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 25-8552/5
7 ноември 2008 година
Скопје

Министер за економија,
**Фатмир Бесими**, с.р.

Министер за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

Министер за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески**, с.р.

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**2906.**

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 30.10.2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

1. На Национална групација за осигурување Осигурителна полиса АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда – трета емисија на 47.901 обични акции во износ од 479.010 евра, односно 29.299.078 денари по средниот курс на НБРМ на денот пред донесувањето на одлуката за зголемување на основната главнина и на одлуката за издавање акции од трета емисија по пат на приватна понуда.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот, Одлуката бр. 02-7287 од 14.10.2008 година за зголемување на основната главнина и Одлуката бр. 02-7288 од 14.10.2008 година за издавање акции од III емисија по пат на приватна понуда со средства на друштвото.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од 8 дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот за хартии од вредност во рок од три работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-4190/4
30 октомври 2008 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
**Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**2907.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Доброшинци – Општина Василево.

Катастарот на недвижности ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Доброшинци, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-16061/1
7 ноември 2008 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

**2908.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за дел од катастарската општина Доброшинци – Општина Василево.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 5-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за дел од КО Доброшинци, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-16062/1
7 ноември 2008 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

**2909.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Вељуса – Општина Струмица.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Вељуса, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-16063/1
7 ноември 2008 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

**2910.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за дел од катастарската општина Вељуса – Општина Струмица.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 5-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за дел од КО Вељуса, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-16064/1
7 ноември 2008 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**2911.**

Врз основа на член 19, алинеја 6 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 63/06 и 36/07), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ” бр.32/01, 50/01, 52/01 , 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ“ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03 и 19/04), Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 10.11.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА**

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР - 95 | до 21,896 |
| - ЕУРОСУПЕР - 98 | до 23,007 |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 21,724 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | до 30,248 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 29,565 |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 29,988 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-2 | до 16,196 |

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР - 95 | до 56,00 |
| - ЕУРОСУПЕР - 98 | до 57,50 |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 59,00 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | до 54,50 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 43,00 |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 43,50 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-2 | до 19,760 |

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР - 95 | 55,50 | 55,00 | 54,50 |
| ЕУРОСУПЕР - 98 | 57,00 | 56,50 | 56,00 |
| МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | 58,50 | 58,00 | 57,50 |
| ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | 54,00 | 53,50 | 53,00 |
| Е Л - ЕКСТРА ЛЕСНО | 42,50 | 42,00 | 41,50 |
| Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | 43,00 | 42,50 | 42,00 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-2, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-2 важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-2, содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР - 95 | до 0,080 |
| - ЕУРОСУПЕР - 98 | до 0,080 |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 0,150 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | до 0,030 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 0,040 |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 0,040 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-2 | до 0,050 |

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР - 95 | до 21,782 |
| - ЕУРОСУПЕР - 98 | до 21,942 |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 24,426 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | до 12,209 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 3,136 |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 3,136 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-2 | до 0,100 |

Член 5

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | Ед. мерка | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР - 95 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОСУПЕР - 98 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л - ЕКСТРА ЛЕСНО | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М - 2 | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 11.11.2008 година.

Бр. 02-1891/1
10 ноември 2008 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски,** с.р.

## АКАДЕМИЈА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

**2912.**

Врз основа на чл. 39 од Законот за Академија на судии и обвинители („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/06) и чл. 107 од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија бр.99/06), Управниот одбор, на седницата одржана на 4.11.2008 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдува начинот и постапката за полагање и оценување на завршниот испит.

Постапката за завршниот испит во Академијата е базирана на принципите на јавност и слободен пристап до програмата за завршен испит, на правилата, методите и начинот на организирање и спроведување на испитот, како и на оценувањето и вреднувањето на резултатите на кандидатите кое е базирано на начелото на објективни и јавно објавени критериуми.

**Цел на завршниот испит**

Член 2

Цел на завршниот испит е да се оцени целокупното претходно стекнато теоретско и практично знаење на кандидатите неопходно за извршување на судиската и јавнообвинителската функција и тоа:

- На степенот на оспособеност за писмена изработка на пресуди, решенија и обвинителни акти;
- На степенот на оспособеност за вршење на функцијата судија/јавен обвинител во тек на главниот претрес/расправата;
- На ставовите и односот кон професионалното и етичкото вршење на судиската, односно јавнообвинителската функција.

**Рок за полагање**

Член 3

Завршниот испит се полага во втората половина на последниот месец од почетната обука во Академијата.

Податоците за денот (деновите), часот и местото за полагање на писмениот и усниот дел од завршниот испит се објавуваат на огласната табла и на интернет страницата на Академијата.

**Комисија за полагање завршен испит**

Член 4

Завршниот испит се полага пред Комисија за завршен испит составена од седум члена и нивни заменици, согласно со член 39, став 3 од Законот за Академија.На Комисијата и помага секретар кој е од редот на вработените во Академијата, а е овластен од директорот на Академијата за извршување на таа функција.

Целиот тек на испитот Комисијата за завршен испит го следи во полн состав.

На првата конститутивна седница Комисијата за завршен испит избира претседател и усвојува Деловник за работење во кој попрецизно се определуваат правилата за работење и одлучување.

**Услови за полагање**

Член 5

Право да полагаат завршен испит имаат сите кандидати кои ја завршиле теоретската настава во Академијата и практичната настава од почетната обука.

За секој кандидат Академијата оформува досие за завршен испит во кое се чуваат изработените писмени акти, како и останатите документи ( пликовите со шифрите, прашањата кои Комисијата за завршен испит ги определува за кандидатот, записникот од главна расправа/главен претрес) додека трае завршниот испит.

Со неоправдано недоаѓањето на кој било дел од полагањето на завршниот испит, кандидатот го губи правото за полагање на другите делови од завршниот испит.

Оправданоста на причините за недоаѓањето ги цени Комисијата за завршен испит.

Член 6

Против одлуката на Комисијата за завршен испит, во врска со оправданоста или неоправданоста на причините за недоаѓање на завршниот испит, кандидатот има право на приговор во рок од 48 часа од приемот на одлуката.

Приговорот се поднесува до Управниот одбор на Академијата, а се предава во Академијата во писмена форма.

Управниот одбор е должен да одлучи по приговорот во рок од 3 дена од приемот на приговорот во Академијата.

На седницата на Управниот одбор на која се разгледуваат приговорите учествува и претседателот на Комисијата или член којшто тој ќе го определи, без право на глас.

Управниот одбор со заклучок го уважува или го одбива приговорот на кандидатот, а ненавремените приговори ги отфрла, за што кандидатот писмено се известува.

По приговорот одлуката на Управниот одбор е конечна и против неа не е дозволена жалба.

### II. СОДРЖИНА НА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ

Член 7

Содржината на завршниот испит поблиску се утврдува со Програмата за завршен испит која ја утврдува Управниот одбор по предлог на Програмскиот совет.

Завршниот испит се состои од три дела:

- Писмен дел;
- Симулација на судење;
- Устен дел.

Член 8

Писмениот дел од завршниот испит се состои од два сегмента:

- Писмена изработка на пресуда/решение во граѓански или кривичен случај;
- пишување обвинителен акт.

Член 9

Симулацијата на судење се реализира според однапред избрани и подготвени граѓански и кривични случаи.

Член 10

Усниот дел од испитот се спроведува во форма на непосреден разговор со кандидатот во тек на кој на кандидатот му се поставуваат четири прашања и тоа:

- едно прашање во врска со изготвената пресуда/решение од материјалното право;
- едно прашање во врска со изготвениот обвинителен акт од материјалното право;

- едно прашање во врска со реализираната улога во симулацијата од процесното право;

- едно прашање за оценувањето на ставовите и односот кон професионалното и етичкото вршење на судиската, односно јавнообвинителската функција .

Член 11

Пред почетокот на секој дел од испитот секретарот на Комисијата го утврдува идентитетот на кандидатите врз основа на важечка лична карта или патна исправа.

ПИСМЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ

Член 12

Случаите врз основа на кои кандидатите писмено изработуваат пресуди/решенија и обвинителни акти ги избира Комисијата за завршен испит.

Случаите по кои кандидатите ги изработуваат пресудите и решенијата Академијата ги обезбедува од архивираните предмети од основните судови, а случаите по кои кандидатите изработуваат обвинителни акти од основните јавни обвинителства.

Случаите треба да се со приближно иста сложеност и да се одбрани согласно со Програмата за завршен испит.

Бројот на случаи коишто Комисијата ги одбира за писмена изработка на пресуди/решенија и обвинителени акти е соодветен на бројот на кандидатите коишто полагаат завршен испит.

Соодносот на граѓанските и на кривичните случаи за писмена изработка на пресуда/решение е 1:1 , при што за секој кандидат одделно, по пат на ждрепка, се определува каков случај ќе добие за решавање во текот на испитот.

Секој кандидат, по пат на ждрепка, добива по еден кривичен случај за изготвување обвинителен акт.

**Анонимност на случаите во писмениот дел на завршниот испит**

Член 13

Анонимноста на случаите по кои се изработува пресуда/решение или обвинителен акт се обезбедува така што сите определени случаи добиваат арапска бројка која понатаму служи за поделба на случаите на кандидатите.

Граѓанските случаи, покрај бројката, имаат и буква „Г“, додека кривичните случаи, покрај бројката, имаат и буква „К“.

Означувањето на случаите со бројка го прави секретарот на Комисијата за завршен испит, по случаен избор.

Распределбата на случаите на кандидатите по кои писмено ќе изработуваат пресуда/решение и обвинителен акт се врши по пат на ждрепка, од нумерираните пликови, согласно со претходните ставови, пред почетокот на секој од двата сегмента на писмениот дел од испитот.

**Времетраењето и начинот на спроведување на писмениот дел од завршниот испит**

Член 14

Писмениот дел од завршниот испит се спроведува во два дена и тоа:

- Првиот ден кандидатите писмено изработуваат пресуда/решение од граѓанска или од кривична област.

- Вториот ден кандидатите пишуваат обвинителен акт.

Секој семент од писмениот дел од завршниот испит (писмена изработка на пресуда/решение и пишување обвинителен акт) трае најмногу по 180 минути.

Член 15

Граѓанските случаи содржат: тужба, одговор на тужба, докази и записници од главна расправа.

Кривичните случаи содржат: обвинителен акт, списи од истрагата со докази и записник од главен претрес.

Член 16

Обвинителниот акт се изработува врз основа на: кривична пријава, со докази за определен кривичноправен настан.

Бројот на определените кривично-правни настани, за кои кандидатите пишуваат обвинителен акт, е еднаков на бројот на кандидатите.

**Дозволена литература**

Член 17

Во тек на писмената изработка на пресудата/решението од кривичното и од граѓанското право, како и при пишувањето на обвинителниот акт кандидатите можат да користат законски текстови од соодветната област, во интегрален текст, без коментар.

**Почеток и тек на испитот**

Член 18

Пред почетокот на полагањето на писмениот дел од завршниот испит, Претседателот или член на Комисијата што тој ќе го овласти, ги запознава кандидатите со начинот на спроведување на испитот според правилата од овој Правилник и го објавува почетокот и крајот на писмениот дел од завршниот испит.

Писмениот дел од завршниот испит кандидатите го полагаат во присуство и под надзор на Комисијата за завршен испит, како и со набљудувачи овластени од директорот на Академијата, избрани од редот на вработените.

Секој кандидат ги добива списите во врска со кривичниот или со граѓанскиот случај, односно кривичната пријава со доказите што претходно ги извлекол со ждрепка, заедно со празни листови хартија, ставени во обвивка и со печат од Академијата.

Секретарот на Комисијата во посебен список го внесува бројот на издадените празни листови на секој кандидат посебно.

**Анонимност на писмениот дел**

Член 19

Пред почетокот на писмениот дел секој кандидат го пишува своето име и презиме на обвивката, во горниот десен агол, во посебно изготвен непроѕирен дел којшто Секретарот на Комисијата за завршен испит го превиткува и го залепува, а на задната страна на обвивката го лепи затворениот плик со шифрата на кандидатот.

Шифрата се состои од 6 арапски бројки и е определена претходно, по пат на ждрепка, а ја знае само секретарот на Комисијата за завршен испит којшто за шифрите прави посебен список.

Кандидатите ја користат истата шифра во сите делови од завршниот испит.

По објавување на крајот од секој сегмент од писмениот дел на завршниот испит кандидатите ги предаваат писмено изработените пресуди/решенија, односно обвинителни акти во обвивката, како и неискористените празни листови на претседателот на Комисијата за завршен испит, кој, во списокот го внесува бројот на пополнетите и празните предадени листови и обрасци за секој кандидат посебно.

Комисијата за завршен испит ги одвојува непополнетите листови хартија и нивниот број се запишува во записникот.

При поништувањето на неискористените листови хартија се присутни сите членови на Комисијата за завршен испит и секретарот на Комисијата.

Превитканиот горен десен агол со името и презимето на кандидатот, како и затворениот плик со шифрата, Комисијата за завршен испит ги отвора пред почетокот на усниот дел и го поврзува со идентитетот на кандидатите.

**Недозволено однесување на кандидатите**

Член 20

Кандидатот кај кој во тек на полагањето на писмениот дел од завршниот испит ќе биде пронајдено какво било недозволено средство или помагало, вклучувајќи мобилен телефон или други електронски или комуникациски направи, ќе биде отстранет од завршниот испит, неговиот материјал ќе биде поништен, а секретарот на Комисијата ќе ги наведе фактите и преземените дејствија во записникот.

Кандидатот кој е отстранет од кој било сегмент на писмениот дел од завршниот испит го губи правото да ги полага другите делови од испитот.

За време на полагањето на завршниот испит, кандидатите не смеат да ја напуштаат просторијата во која се извршува полагањето, освен во случај на итност, при што ќе бидат придружувани од еден од членовите на Комисијата или од овластените лица коишто вршат надзор над полагањето на испитот.

Поправаниот или прецртуваниот текст мора да биде јасно обележан. Пишување меѓу редови не е дозволено.

Во тек на полагањето на писмениот дел од завршниот испит се води записник во кој се забележуваат сите дејствија и случувања. Записникот го води секретарот на Комисијата и по завршувањето на писмениот дел од испитот му го дава на потпишување на претседателот на Комисијата, кој потоа му го предава на директорот. Овој записник се чува во сефот на Академијата.

**Оценување на писмениот дел од завршниот испит**

Член 21

Комисијата за завршен испит ги оценува писмените акти (пресудата/решението и обвинителниот акт) и ги внесува оценките во испитниот протокол кој се води одделно за секој од кандидатите и тоа пред отпочнувањето на вториот дел од испитот – симулација на судења.

Изработените писмени акти, по оценувањето, заедно со пликовите со шифрите се предаваат на секретарот на Комисијата за завршен испит кој ги приклучува кон досието за завршен испит на кандидатот.

Комисијата за завршен испит подготвува прашања за секој кандидат поодделно веднаш по проверувањето и оценувањето на писмениот акт и ги става во посебни пликови кои се предаваат на секретарот на Комисијата за завршен испит.

Секретарот на Комисијата за завршен испит ја става шифрата на кандидатот во пликот, го запечатува и истиот го дава да се чува во сефот на Академијата до денот на полагањето на усниот дел.

СИМУЛАЦИЈА НА СУДЕЊЕ

Член 22

Комисијата за завршен испит одбира и подготвува кривични и граѓански случаи според кои се прави сценарио за симулација.

Случаите за сумулација ги обезбедува Академијата од архивираните предмети во основните судови.

Случаите треба да се со приближно иста сложеност и да се одбрани согласно со Програмата за завршен испит.

**Анонимност на случаите за симулација на судење**

Член 23

Анонимноста на случаите се обезбедува со нивно нумерирање со шифра која претставува арапска бројка.

Граѓанските случаи се означуваат само со основна арапска бројка и буква „Г“ која ја означува улогата на судијата во граѓанскиот случај.

Кривичните случаи се означуваат со основна арапска бројка и со буквите „КС“ кои ја означуваат улогата на судијата, или со основната арапска бројка и буквите „КО“ кои ја означуваат улогата на јавниот обвинител во тој кривичен случај.

Нумерирањето го врши секретарот пред почетокот на поделбата на улогите на кандидатите.

**Принципи на распределба на улогата во симулацијата**

Член 24

Кандидатите што писмено изработувале пресуда/решение во граѓански случај во симулацијата добиваат улога на судија или јавен обвинител во кривичен случај, додека оние кандидати коишто писмено изработувале пресуда/решение во кривичен случај, добиваат улога на судија во граѓански случај.

Поделбата на кандидатите за вршење улога на судија во кривичен случај, судија во граѓански случај или јавен обвинител се врши со ждрепка, по завршување на писмениот дел од завршниот испит, а во согласност со претходниот став од овој член.

Кандидатите со ждрепката го добиваат само бројот на случајот, но не и списите од тој случај.

Член 25

Најмалку еден ден пред почетокот на секоја симулација Комисијата за завршен испит ги доделува и улогите на другите странки вклучени во секоја поединечна симулација.

Улогите на другите странки во случаите им се доделуваат на вработените во Академијата и на лица од редот на советниците и стручните соработници во Основниот суд Скопје I и II, во согласност со директорот на Академијата, односно со претседателот на судот.

За секоја симулација Академијата обезбедува професионален записничар.

Член 26

Редоследот на симулациите го определува Комисијата за завршен испит со ждрепка.

Во тек на еден ден можат да се реализираат најмногу 5 симулации.

Член 27

Списите потребни за реализирање на улогата во симулацијата кандидатите ги добиваат еден ден пред реализацијата на симулацијата.

За реализација на улогата на судија во граѓански случај кандидатот добива тужба, одговор на тужба и докази, а за улогата на судија во кривичен случај добива обвинителен акт и докази.

За реализација на улогата на јавен обвинител кандидатот добива обвинителен акт со докази.

Член 28

Времето за секоја поединечна симулација се определува на 60 минути.

Симулацијата се реализира пред сите членови на Комисијата за завршен испит кои за тоа водат белешки за секој кандидат посебно.

По завршување на секоја поединечна симулација Комисијата за завршен испит на располагање има 30 минути за разгледување на забелешките од симулацијата и за определување прашање во врска со симулацијата за усниот дел, како и за оценување и внесување на оценките во посебен испитен протокол за секој од кандидатите.

Прашањето во врска со симулацијата Комисијата за завршен испит го затвора во плик и го предава на секретарот на Комисијата за завршен испит кој го пишува името и шифрата на кандидатот и истиот го дава да се чува во сефот на Академијата до денот на полагањето на усниот дел од испитот.

Член 29

Кандидатот кој има улога на судија, во тек на симулацијата раководи со главната расправа, односно со главниот претрес и диктира записник за главна расправа, односно записник за главен претрес.

Кандидатот кој има улога на јавен обвинител го застапува обвинителниот акт и дава завршен збор кој непосредно го диктира во записникот.

Симулацијата завршува со давање завршни зборови на странките.

По завршување на симулацијата на судење, записникот од симулацијата се предава на Комисијата за завршен испит и истиот претставува основ за оценување.

По оценувањето, записникот од симулацијата на судењето се предава на секретарот на Комисијата за завршен испит кој на записникот ја става шифрата на кандидатот и истиот го приклучува кон досието на кандидатот за полагање завршен испит .

УСТЕН ДЕЛ

Член 30

Усниот дел се спроведува по завршување на симулациите на судењата, во рок кој ќе го определи Комисијата за завршен испит.

Усниот дел може да трае еден или повеќе денови, во зависност од бројот на кандидатите кои полагаат завршен испит.

Редоследот на кандидатите за устен дел се определува по пат на ждрепка.

Член 31

Времетраењето на усниот дел за секој кандидат посебно не може да биде подолго од 30 минути.

Усниот дел го води претседателот на Комисијата за завршен испит или член овластен од него, а прашања може да поставуваат и другите членови од Комисијата, доколку за тоа има претходен договор меѓу членовите на Комисијата за завршен испит.

Член 32

Во тек на усниот дел на секој кандидат поодделно му се поставуваат вкупно четири прашања и тоа:

- по едно прашање во врска со секој од изработените писмени акти - едно за писмено изработената граѓанска или кривична пресуда/решение и едно за изработениот обвинителнен акт;
- едно прашање за реализираната симулација и
- едно прашање за оценување на ставовите и односот кон професионалното и етичкото вршење на судиската, односно јавнообвинителската функција.

Член 33

Прашањето во врска со изработените писмени акти е поврзано со материјалните закони кои се однесуваат на конкретниот случај и кои се применети во конкретниот случај при писмената изработка на пресудата/решението, односно во обвинителниот акт.

Член 34

Прашањето во врска со симулацијата е поврзано со Законот за процесна постапка, односно со Законот за кривична постапка, во зависност од тоа дали кандидатот реализирал улога во граѓански или во кривичен случај.

Член 35

Прашањата од кои се оценуваат ставовите и односот кон професионалното и етичкото вршење на судиската, односно јавнообвинителската функција, Комисијата за завршен испит ги определува согласно со Програмата за завршен испит. Овие прашања, Комисијата за завршен испит ги подготвува пред отпочнување на усниот дел од испитот.

Прашањата се затвораат во пликови и се предаваат на секретарот на Комисијата за завршен испит кој ги предава да се чуваат во сефот на Академијата до денот на полагањето на усниот дел.

Соодносот на прашањата што се однесуваат на личноста на судијата и на личноста на јавниот обвинител треба да биде подеднаков, односно во однос 1:1, а кандидатите одбираат прашање со влечење на пликовите.

III. ОЦЕНУВАЊЕ

Член 36

Преку писмениот дел од завршниот испит се оценува способноста на кандидатите стекнатото теоретско знаење да го применат во решавање на конкретни правни практични ситуации, нивната способност за оценка на доказите и утврдување на важечките факти, логичната и правната издржаност на аргументите за одредено решение и способноста за заклучување и изработка на писмените одлуки на јасен и разбирлив јазик.

Член 37

Преку симулацијата на судење се оценува:

- кај кандидатите кои имаат улога на судија: способноста за раководење со главната расправа, односно со главниот претрес, познавањето на процесните закони и нивната примена во практиката и способноста за составување записник;
- кај кандидатите кои имаат улога на јавен обвинител: способноста на кандидатот да го изложи и да го застапува обвинителниот акт, познавањето на процесниот закон и способноста за давање завршен збор.

Член 38

Преку усниот дел се проверуваат и се оценуваат:

- знаењата на кандидатите од соодветните области и способноста за усна презентација и аргументација на фактичките и правните причини кои кај нив преовладале при изборот на одредено решение од случаите од кривичното и граѓанското право, поврзано со примената на материјалниот закон;
- способноста на кандидатот за изразување, за презентација на аргументите, за логично аналитичко и критичко мислење во врска со одделното поставување или со одлуката во текот на симулациите на судењата, поврзано со примена на процесниот закон, и
- стекнатите ставови и односнот кон професионалното и етичкото вршење на судиската, односно јавнообвинителската функција и познавањето на организацијата и принципите на работење на судовите и јавните обвинителства.

IV. КРИТЕРИУМИ ЗА БОДИРАЊЕ

Член 39

Оценувањето на завршниот испит го врши Комисијата за завршен испит со бодови, до втора децимала, според поодделни критериуми за секој дел од завршниот испит.

Кандидатот, во завршниот испит, може да освои најмногу до 40 бодови и тоа:

- најмногу до 10 бодови за писмено изработената пресуда/решение;
- најмногу до 10 бодови за изработениот обвинителен акт;
- најмногу до 12 бодови за реализираната улога во симулацијата;
- најмногу до 8 бодови за одговорите на прашањата од усниот дел – устен дел.

**Оценување на писмените акти**

Член 40

Писмено изработените акти на кандидатите Комисијата ги прегледува и оценува непосредно по завршувањето на секој одделен дел од писмениот дел од испитот.

За секој писмено изработен акт (пресуда/решение или обвинителен акт) може да се добијат најмногу до 10 бодови.

Член 41

Оценувањето на писмено изработените акти се врши според следниве критериуми:

| | |
|---|---|
| - за форма и содржина, како и точност и прецизност при примена на процесните закони | до 4 бода; |
| - за познавање и правилна примена на материјалните закони | до 4 бода; |
| - за јасност, разбирливост, стил и јазик | до 2 бода. |

Член 42

Оценувањето се врши на тој начин што секој член на Комисијата за завршен испит оценува со поединечни бодови, а конечните бодови за писмено изработениот акт се определуваат како аритметичка средина од сите бодови.

Добиените бодови од изработениот писмен акт претседателот на Комисијата ги запишува во испитниот протокол за секој кандидат поодделно, а испитниот протокол го потпишуваат сите членови на Комисијата за завршен испит и го предаваат на секетарот на Комисијата за завршен испит.

**Оценување на реализираната симулација на судење**

Член 43

Комисијата за завршен испит ги следи симулациите на судење и непосредно по завршувањето на симулацијата секој член на Комисијата за завршен испит индивидуално го оценува секој кандидат врз основа на непосредните забележувања.

Конечните бодови за симулацијата на судење се определуваат како аритметичка средина од дадените бодови од сите членови на Комисијата.

Добиените бодови од симулацијата претседателот на Комисијата за завршен испит веднаш ги внесува во испитните протоколи на секој кандидат, а испитните протоколи ги потпишуваат сите членови на Комисијата.

Член 44

Оценувањето на улогата на судија се врши врз основа на следниве критериуми:

| | |
|---|---|
| - способноста на кандидатот за раководење со главен претрес, односно со главна расправа | до 4 бода; |
| - познавањето на процесните закони и нивната примена во практиката | до 4 бода; |
| - способноста за составување на записник | до 4 бода. |

Член 45

Оценувањето на улогата на јавен обвинител се врши преку:

| | |
|---|---|
| - способноста за изложување и застапување на обвинителниот акт | до 4 бода; |
| - познавањето на процесниот закон | до 4 бода; |
| - способноста за давање завршен збор | до 4 бода. |

**Оценување на одговорите на прашањата од усниот дел**

Член 46

Оценувањето од усниот дел се врши врз основа на прецизноста и точноста на одговорите на поставените прашања, како и врз основа на спосбноста за изразување, за презентација на аргументите, за логично аналитичко и критичко мислење и тоа:

| | |
|---|---|
| - за прашањето во врска со пресудата/решението | до 2 бода; |
| - за прашањето во врска со обвинителниот акт | до 2 бода; |
| - за прашањето во врска со симулацијата | до 2 бода; |
| - за прашањето во врска со ставовите и односот кон професионалното и етичкото вршење на судиската, односно јавнообвинителската функција | до 2 бода. |

Секој член на Комисијата индивидуално ги оценува одговорите на прашањата дадени од секој кандидат во текот на усниот дел.

Конечните бодови се определуват како аритметичка средина на бодовите дадени од сите членови на Комисијата за завршен испит, непосредно по завршување на усниот дел.

Претседателот на Комисијата за завршен испит ги внесува добиените бодови за секој кандидат во испитниот протокол на кандидатот, а писмениот протокол го потпишуват сите членови на Комисијата.

**Определување на конечните оценки од завршниот испит**

Член 47

По завршување на трите дела од завршниот испит Комисијата за завршен испит ги утврдува резултатите од испитот со собирање на бодовите освоени во сите три дела од завршниот испит, најдоцна 48 часа од завршувањето на полагањето .

За активностите од став 1 на овој член Комисијата за завршен испит составува посебен записник кој го потпишува претседателот на Комисијата и го предава на директоротот, а се чува во сефот на Академијата.

Комисијата, најдоцна 48 часа по завршувањето на полагањето и на утврдувањето на резултатите, поднесува извештај до Управниот одбор на Академијата.

**Објавување на резултатите од завршниот испит**

Член 48

Завршниот испит се смета за положен доколку кандидатот освоил најмалку 80%, или 32 бода.

Резултатите од завршниот испит ги утврдува и ги објавува Комисијата за завршен испит во форма на ранг-листа, најдоцна во рок од 48 часа по завршувањето со полагањето на завршниот испит.

Ранг-листата од претходниот став на овој член се објавува на огласната табла и на интернет страницата на Академијата.

**Право на приговор**

Член 49

Незадоволниот кандидат има право на приговор во рок од 48 часа од објавувањето на резултатите од завршниот испит во врска со дадените оценки, на техничкото пресметување на нивниот збир, како и на простата аритметичка средина изразена во бодови.

Приговорот се поднесува до Управниот одбор на Академијата, а се предава во Академијата во писмена форма.

Управниот одбор е должен да одлучи по приговорот во рок од 3 дена од приемот на приговорот во Академијата.

На седницата на Управниот одбор, на која се разгледуваат приговорите, учествува и претседателот на Комисијата или член којшто тој ќе го определи, без право на глас.

Управниот одбор, со заклучок го уважува или го одбива приговорот на кандидатот, а ненавремените приговори ги отфрла, за што кандидатот писмено се известува.

По приговорот, одлуката на Управниот одбор е конечна и против неа не е дозволена жалба.

Доколку Управниот одбор го уважи приговорот, оценката дадена врз основа на приговорот не може да е пониска од бодовите, односно од оценката добиена од Комисијата за завршен испит.

Врз основа на одлуките на Управниот одбор по приговорите Комисијата ја објавува ранг-листата со конечните резултати на кандидатите кои го положиле завршниот испит.

## V. ОЦЕНУВАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ ВО ПОЧЕТНА ОБУКА

**Определување на вкупниот успех на кандидатите**

Член 50

Во рок од 48 часа по завршување на завршниот испит Комисијата за завршен испит го пресметува вкупниот успех на кандидатите кои ја следеле почетната обука и кои го положиле завршниот испит.

Вкупниот успех се определува врз основа на следниве критериуми:

- од успехот постигнат во тек на теоретската настава;
- од оценките на менторите - судиите, односно јавните обвинители за практичниот дел на почетната обука, изразени во бодови;
- од успехот постигнат на завршниот испит.

При определување на вкупниот успех на кандидатите се собираат бодовите постигнати за секој од трите критериуми од претходниот став на овој член и се изразуваат во бодови, до втора децимала.

Се смета дека кандидатот со успех ја завршил Академијата доколку постигнал најмалку 80 бодови, од вкупно 100 бодови, при што е потребно во неговиот вкупен успех да се задржи соодносот меѓу трите критериуми од став 2 на овој член, односно да има освоено по најмалку 24:24:32 бодови.

Член 51

Врз основа на вкупниот број освоени бодови на кандидатите Комисијата за завршен испит утврдува прелиминарна ранг-листа на кандидатите, најдоцна во рок од 48 часа по објавувањето на конечните резултати од полагањето на завршниот испит.

Комисијата за завршен испит ја доставува прелиминарната ранг-листа до Управниот одбор на Академијата и истата ја објавува на огласната табла и на интернет страницата на Академијата.

Секретарот на Комисијата за завршен испит, преку Академијата, писмено ги известува кандидатите за освоените бодови и за освоеното место на ранг-листата.

**Постапка по приговор и жалба**

Член 52

Незадоволниот кандидат има право на писмен приговор во рок од 8 дена од денот на приемот на известувањето од член 46, став 3 на овој Правилник во врска со дадените оценки од сите делови на почетната обука за техничкото пресметување на нивниот збир, како и за простата аритметичка средина изразена во бодови.

Приговорот се поднесува преку Академијата до Комисијата за завршен испит, која е должна да одлучи по него во рок од 3 дена од приемот.

По одлуката на Комисијата за завршен испит незадоволниот кандидат има право на жалба до Управниот одбор во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

На седницата на Управниот одбор на која се разгледуваат приговорите учествува и претседателот на Комисијата или член што тој ќе го определи, без право на глас.

Управниот одбор со заклучок го уважува или го одбива приговорот на кандидатот, а ненавремените приговори ги отфрла. За ова кандидатот писмено се известува.

Доколку Управниот одбор го уважи приговорот, оценката дадена врз основа на приговорот не може да е пониска од оценката добиена од Комисијата.

**Конечна ранг-листа**

Член 53

Врз основа на одлуките на Управниот одбор по приговорите Комисијата изготвува и објавува конечна ранг-листа на кандидатите.

Управниот одбор ја доставува конечната ранг-листа на кандидатите за судии и јавни обвинители до Судскиот совет на Република Македонија и до Советот на јавни обвинители во рок од 8 дена од објавувањето.

**Издавање уверенија за кандидат за судија и јавен обвинител**

Член 54

На кандидатите коишто успешно ја завршиле почетната обука Академијата им издава уверенија со кои тие се стекнуваат со својство на кандидат за судија, односно на кандидат за јавен обвинител.

Уверенијата ги доделува директорот на Академијата, со свечен чин за целата генерација завршени кандидати за судии и јавни обвинители.

Член 55

Целокупната документација поврзана со полагањето на завршниот испит и со утврдувањето на вкупниот успех се приклучува кон личното досие на кандидатите и се чува, согласно со Законот за заштита на личните податоци и Законот за пристап до јавните информации, во архивата, според правилата за архивско работење.

Член 56

Овој правилник влегува во сила со денот на усвојувањето од Управниот одбор на Академијата.

Овој правилник се објавува во „Службен весник на Република Македонија" и на интернет страницата на Академијата.

Бр. 01-533/4
10 ноември 2008 година
Скопје

Академија за обука на
судии и јавни обвинители
Претседател на Управен одбор,
**Абдулаким Саљиу**, с.р.

**2913.**

Согласно со член 107, став 1 од Статутот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија и член 7 од Правилникот за начинот и постапката за полагање и оценување на завршниот испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија, Управниот одбор, на седницата одржана на 4.11.2008 година, ја донесе следната

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ЗАВРШЕН ИСПИТ

## ПИСМЕН ДЕЛ ОД ЗАВРШНИОТ ИСПИТ И СИМУЛАЦИИ НА СУДЕЊЕ

### А. ГРАЃАНСКО ПРАВО

Граѓанските случаи, врз основа на кои кандидатите писмено изработуваат пресуда и добиваат улога на судија во симулациите на судења се избираат од стварното право, облигационото право и семејното право и тоа по следниве основи:

- Сопственост;
- Смеќавање на владение;
- Надомест на штета;
- Долг;
- Стекнување без основ;
- Развод на брак;
- Издршка.

### Б. КРИВИЧНО ПРАВО

Кривичните случаи, врз основа на кои кандидатите писмено изработуваат пресуда, обвинителен акт и добиваат улога на судија или јавен обвинител во симулациите на судења, се избираат од следниве глави од Кривичниот законик:

**Глава 14-Кривични дела против животот и телото**

- кривично дело -Телесна повреда - чл.130, ст.1 од КЗ;
- кривично дело-Тешка телесна повреда - чл.131, ст.1 од КЗ
- кривично дело-Загрозување со опасно орудие – чл.133.

**Глава 15-Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот**

- кривично дело Загрозување на сигурноста – чл.144, ст.1, 2 и 3 од КЗ;

**Глава 17-Кривични дела против работните односи**

- кривично дело-Повреда на правата од работен однос- чл.166, ст.1 од КЗ;

**Глава 18-Кривични дела против честа и угледот**

- кривично дело-Клевета - чл.172 од КЗ
- кривично дело-Навреда - чл. 173 од КЗ

**Глава 20-Кривични дела против бракот, семејството и младината**

- кривично дело-Вонбрачен живот со малолетно лице – чл. 197 од КЗ;
- кривично дело-Одземање малолетник – чл. 198 од КЗ;
- кривично дело_Неплаќање издршка – чл. 202 од КЗ.

**Глава 21-Кривични дела против здравјето на луѓето**

- кривично дело-Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прокурсори - чл.215, ст.1 од КЗ;
- кривично дело-Овозможување на употреба на наркотични дроги – чл. 216 од КЗ.

**Глава 23-Кривични дела против имотот**

- кривично дело-Кражба – чл. 235 од КЗ;
- кривично дело-Тешка кражба – чл. 236 од КЗ;
- кривично дело-Затајување - чл. 239 од КЗ;
- кривично дело-Измама – чл. 247 од КЗ.

**Глава 27-Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај**

- кривично дело-Загрозување на безбедноста на сообраќајот – чл. 297 ,ст 1 и 3 од КЗ;
- кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот - чл.300, ст. 1 и 3 од КЗ.

**Глава 32-Кривични дела против правниот сообраќај**

- кривично дело-Фалсификување исправа – чл. 378 од КЗ

**Глава 33-Кривични дела против јавниот ред**

- кривично дело-Спречување службено лице во вршење службено дејствие - чл.382 од КЗ;
- кривично дело-Напад врз службено лице - чл.383 од КЗ;
- кривично дело-Насилство – чл. 386 од КЗ.

Бројот на симулациите се определува на 13 симулации врз основа на граѓански случаи и 7 симулации врз основа на кривични случаи.

### УСТЕН ДЕЛ

Темите за усниот дел зависат од прашањето и можат да бидат од следниве области:

- Прашањето во врска со писмено изработената пресуда е од материјалното право кое непосредно се однесува на граѓанскиот или на кривичниот случај кој го работел кандидатот;
- Прашањето во врска со писмено изработениот обвинителен акт е од материјалното право и се однесува на делот кој е непосредно поврзан со кривичниот случај врз основа на кој кандидатот пишувал обвинителен акт;
- Прашањето во врска со реализираната улога во симулацијата е од Законот за парничната постапка или од Законот за кривична постапка, а е во зависност од тоа во каква симулација учествувал кандидатот;
- Прашањето за оценување на ставовите и односот кон професионалното и етичкото вршење на судиската, односно јавнообвинителската функција може да се определи од една од наредниве области:
- Улогата и функцијата насудија и најавен обвинител, според Законот за судови и Законот за јавно обвинителство;
- Организацијата, функционирањето и внатрешната организација на судовите и јавните обвинителства, според Законот за Судски совет на РМ и Законот за Советот на јавни обвинители;
- Професионалното и етичкото однесување, според Кодексот на судиите и Кодексот на јавните обвинители.

ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД НА ДЕЛОВИТЕ ОД ЗАВРШНИОТ ИСПИТ

Прв ден:
- Писмена изработка на пресуда во граѓански или кривичен случај;
- Поделба на улогите на кандидатите во симулациите.

Втор ден:
- Писмена изработка на обвинителен акт;
- 5 кандидати за улоги на граѓански судии влечат граѓански случаи и се определува редоследот на симулациите за наредниот ден.

Трет ден:
- Се реализираат 5 симулации на главни расправи (граѓанско), секоја во траење од по 60 минути;
- 5 кандидати за улоги на кривични судии и 5 кандидати за улоги на јавни обвинители влечат кривични случаи и се определува редоследот на симулациите за наредниот ден.

Четврти ден:
- Се реализираат 5 симулации на главни претреси (кривично), секоја во траење од по 60 минути;
- 5 кандидати за улоги на граѓански судии влечат граѓански случаи и се определува редоследот за наредниот ден.

Петти ден:
- Се реализираат 5 симулации на главни расправи (граѓанско), секоја во траење од по 60 минути;
- 2 кандидата за улоги на кривични судии и 2 кандидата за улоги на јавни обвинители влечат кривични предмети и се определува редоследот за наредниот ден;
- 3 кандидати за улоги на граѓански судии влечат граѓански случаи и се определува редоследот за наредниот ден.

Шести ден:
- Се реализираат 2 симулации на главни претреси (кривично), секоја во траење од по 60 минути;
- Се реализираат 3 симулации на главни расправи (граѓанско), секоја во траење од по 60 минути.

Седми ден:
- Устен дел за 14 кандидати.

Осми ден:
- Устен дел за 13 кандидати.

БИБЛИОГРАФИЈА

1. Закон за парничната постапка („Сл. весник на РМ“ 79/2005, измени во 110/2008);
2. Закон за сопственост и други стварни права („Сл. весник на РМ“ 18/2001);
3. Закон за облигационите односи („Сл. весник на РМ“ 18/2001, измени во 4/2002 и во 84/2008);
4. Закон за семејството („Сл. весник на РМ“ 80/1992, измени во 9/1996, 38/2004, 33/2006 и 84/2008);
5. Кривичен законик („Сл. весник на РМ“ 30/2004, измени во 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006 и 7/2008);
6. Закон за кривична постапка („Сл. весник на РМ“ 15/2005 – пречистен текст, измени 83/2008);
7. Закон за судови („Сл. весник на РМ“ 58/2006, измени во 35/2008);
8. Закон за јавното обвинителство („Сл. весник на РМ“ 150/2007, измени во 111/2008);
9. Закон за Судски совет („Сл. весник на РМ“ 60/2006);
10. Закон за Совет на јавни обвинители („Сл. весник на РМ“ 150/2007);
11. Кодекс на судиската етика;
12. Кодекс на јавнообвинителската етика.

Бр. 01-533/5
10 ноември 2008 година
Скопје

Академија за обука на судии и јавни обвинители
Претседател на Управен одбор,
**Абдулаким Саљиу**, с.р.

---

## СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2914.**

Врз основа на чл. 40 ст.2, чл.42 ст.1 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник РМ“ бр. 150/07) член 9, чл. 39 и чл.40 ст.1 и ст.2 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник РМ“ бр.150/07), Советот на јавните обвинители на Република Македонија, на десеттата седница одржана на 5.11.2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА ВИШ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА ВИШОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО ГОСТИВАР

I

За Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Гостивар, за време од 4 (четири) години е избран Зоран Димоски.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

СОИ бр.1/08
5 ноември 2008 година
Скопје

Совет на јавните обвинители на Република Македонија,
Председател,
**Елена Гошева**, с.р.

---

**2915.**

Врз основа на член 94 став 2 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник РМ“ бр.150/07), на десеттата седница на Советот одржана на 05.11.2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ВО ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА БЕЗ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ТРАЕЊЕ НА МАНДАТОТ

Член 1

I

Заменик јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје Марко Зврлевски е избран за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје, без ограничување на траење на мандатот.

II

Заменик јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Велес Славица Темелковски е избрана за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Велес, без ограничување на траење на мандатот.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОИ бр.1/08
5 ноември 2008 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Председател,
**Елена Гошева**, с.р.

---

**2916.**

Врз основа на чл. 40 ст.2 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник РМ“ бр.150/07) член 9, чл.38 ст.1 и чл.39 ст.1 и ст.2 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник РМ“ бр.150/07), Советот на јавните обвинители на Република Македонија на десеттата седница одржана на 5.11.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ВО ВИШОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО ГОСТИВАР

I

За јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Гостивар избрани се:

1. Хабиљ Иљази
2. Башким Бесими
3. Фаик Арслани
4. Љупчо Коцевски
5. Зоран Димоски.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

СОИ бр.2/08
5 ноември 2008 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија,
Претседател,
**Елена Гошева**, с.р.

**2917.**

Врз основа на чл. 40 ст.2, чл.42 ст.2 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник РМ“ бр. 150/07) член 9, чл.38 ст.1 и чл.39 ст.1 и ст.2 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник РМ“ бр.150/07), Советот на јавните обвинители на Република Македонија на десеттата седница одржана на 05.11.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ВО ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

I

За јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, за време од четири (4) години се избираат:

1. Имран Османи
2. Ацо Колевски
3. Влатко Георгиевски
4. Јован Илиевски
5. Марко Зврлевски
6. Деса Пауновска
7. Бодан Лазаревски.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

СОИ бр.03/08
5 ноември 2008 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Председател,
**Елена Гошева**, с.р.

---

## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

**2918.**

Врз основа на член 63 од Законот за данокот на добивка – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2006), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

## ДВИЖЕЊЕТО НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2008 ГОДИНА

Движењето на цените на мало во Република Македонија во периодот јануари-октомври 2008 година во однос на просечните цени на мало во 2007 година изнесува 6,8%.

Директор,
м-р **Благица Новковска,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2008 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2008142